Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 07-1760/5
10.10. 2022 год.
СКОПЈЕ

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

# С Т А Т У Т

**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

**Скопје, октомври 2022**

Согласно член 94, точка 1 од Законот за високото образование, („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/2018) Сенатот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН од Скопје, на седницата одржана на 02.07.2020, го донесе следниот:

# СТАТУТ

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### 1. Положба на Универзитетот

**Член 1**

Американскиот универзитет на Европа - ФОН (во натамошниот текст: Универзитет) е автономна привата непрофитна високообразовна и научна установа, која во својот состав има факултети и други единици кои вршат наставна високообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии,научно-истражувачка, уметничка и научно-стручна (применувачка) дејност од областите за кои се основани, како и од областите што се во врска со остварувањето на основната дејност.

Со Статутот на Универзитетот се уредуваат внатрешната организација и работењето, начинот на вршење на високообразовната наставна научна, уметничка и применувачка дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната, наставна научна, ументничка и применувачка дејност.

### 2. Назив и седиште

**Член 2**

Полниот назив на Универзитетот гласи:

Американски универзитет на Европа - ФОН.

Скратениот назив на Универзитетот гласи:

АУЕ - ФОН.

Седиштето на Универзитетот е во Скопје, на бул. Киро Глигоров бр. 5.

Дејноста на Универзитет се одвива во седиштето во Скопје.

Настава може да се организира и во дисперзирани одделенија на Универзитетот.

### 3. Правен статус

**Член 3**

Универзитетот има својство на правно лице.

Во правниот промет Универзитетот настапува во свое име и за своја сметка со права, обврски и одговорности утврдени со закон, Актот за основање и овој Статут.

Универзитетот може да има една или повеќе сметки преку кои располага со средствата согласно овој Статут.

Единиците на универзитетот се факултетите и научните институти во состав на Универзитетот. Единицитенемаат својство на правно лице.

Во состав на Универзитетот може да има придружни членки согласно условите утврдени со овој Статут.

Единиците на Универзитетот настапуваат во правниот сообраќај под називот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН и под својот назив, според овластувањата определени од основачот и во овој Статутот.

Единиците на Универзитетот можат да имаат определени права во правниот промет и во поглед на управувањето и раководењето од делокругот на работа на соодветната единица, во обем и под услови определени со овој Статут.

Единиците на Универзитетот немаат посебна сметка и не располагаат со средствата на Универзитетот. Придружните членки на Универзитетот немаат посебна сметка и не располагаат со средствата на Универзитетот.

## II. ОСНОВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### 1. Правен субјективитет

**Член 4**

Универзитет е правен следбеник на правата и обврските на Факултетот за општествени науки, акредитиран со решение на Одборот за акредитација на високото образование од 19.03.2003 година, кој подоцна, врз основа на решение на Одборот за акредитација на високото образование од 01.06.2005 година се трансформира во Европски универзитет - Република Македонија.

Како правен субјект со назив Прв приватен универзитет - ФОН Универзитетот е акредитиран со решение на Одборот за акредитација на високото образование од 06.03.2007 година, донесено врз основа на Одлуката на основачите на Европскиот универзитет - Република Македонија за поделба на Универзитетот на две посебни високообразовни установи.

### 2. Основачи на Универзитетот

**Член 5**

Основачи на Универзитетот се м-р Сефер Цаноски, м-р Миранда Цаноска Амзоска и м-р Егзона Мемет, македонски државјани.

Основачкиот удел на основачите е во следниот сооднос:

- м-р Сефер Цаноски - 50%;
- м-р Миранда Цаноска Амзоска - 25%;
- м-р Егзона Мемед - 25%“.

Во целиот текст на овој Статут зборот: „основач“ се се однесува на основачите како целина.

## III. ОБЕЛЕЖЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### 1. Печат, штембил и други обележја

### 1.1. Печат и сув жиг

**Член 6**

Универзитетот има печат.

Печатот на Универзитетот е со тркалезна форма. Во два концентрични круга, е испишан следниот текст: во првиот, од горната страна: „Република Северна Македонија”,а од долната: „Скопје”, во вториот круг е испишан следниот текст:

„Американски универзитет на Европа - ФОН". Во средината од печатот се наоѓа државниот грб.

Печатот се користи и за потврдување на автентичноста и се става на актите што ги донесува или упатува Универзитетот.

Печатот се употребува само на актите на кои се потпишани овластени лица за тоа.

Универзитетот користи и сув жиг.

Сувиот жиг се употребува за заверување на дипломи и повелби кои ги издава Универзитетот.

Сувиот жиг е со тркалезна форма и претставува стилизиран глобус на кој во средината се наоѓа грбот на Универзитетот.

Текстот на печатот, штембилот и сувиот жиг се впишува на македонски јазик и неговото кирилско писмо.

Универзитетот има печат и штембил со иста форма и содржина како во ставовите 2 и 7 од овој член преведен на англиски јазик.

### 1.2. Штембил

**Член7**

Штембилот на Универзитетот се употребува за архивско работење на Универзитетот.. Штембилот служи и за означување на коверти и други омоти со кои се доставува службената пошта на Универзитетот.

Штембилот има правоаголна форма.

Во првиот ред, на средина се наоѓа државниот грб, а под него, во вториот ред, е испишан следниот текст: „Република Северна Македонија". Во третиот ред е испишан следниот текст: „Американски универзитет на Европа - ФОН", под него, во четвртиот ред е оставен простор за запишување број: („бр. _______"), во петтиот ред е оставен простор за запишување датум: „_______ 20___", а на последниот, шестиот ред е испишан следниот текст: „Скопје".

Универзитетот има штембил со иста форма и содржина како во ставовите 2 и 3 од овој член преведен на англиски јазик.

### 1.3. Канцелариско и архивско работење

**Член 8**

Заштитата, чувањето и користењето на архивската граѓа се води во согласност со закон.

Основната евиденција на актите се води во деловодник на Универзитетот.

Покрај деловодникот, заради полесно и побрзо ракување со актите, се водат и помошни книги за евиденција.

Актите кои се доставуваат на единиците и внатрешните организациони единици на Универзитетот се примаат во архивата на Универзитетот.

Целокупното канцелариско и архивско работење на Универзитетот и единиците на Универзитетот може да се евидентира и во дигитална форма

### 2. Други обележја

**Член 9**

Универзитетот има лого, амблем, знаме, инсигнии и одора.

Логото и Амблемот на Универзитетот се употребува на знамето, плакетите, признанијата, меморандумите, изданијата на Универзитетот, како и на пригодни ковани пари, што се издаваат по повод јубилејни прослави на Универзитетот и друго.

Знамето на Универзитетот се истакнува пред објектите на Универзитетот по повод патронатот на Универзитетот, прослави, свечености и други активности, кои се од значење за Универзитетот, а може да се истакне и при одржување на меѓународни универзитетски средби, натпревари и други собири во согласност со правилата и практиката на одржувањето на тие собири, како и при спортски натпревари и други спортски активности на Универзитетот.

Универзитетските инсигнии ги носат: ректорот и проректорите на Универзитетот, како и деканите на единиците на Универзитетот, на прослави, промоции и други свечености на Универзитетот и единиците на Универзитетот или на други национални и меѓународни манифестации.

Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Универзитетот и
на единиците на Универзитетот или на национални и меѓународни манифестации.

Формата, содржината, бојата и начинот на употреба на логото, амблемот, знамето, инсигниите и одората се уредува со акт на основачот.

**3. Ден на Универзитетот**

**Член 10**

Ден на Универзитетот е 19-ти Март.

Денот на Универзитетот се одбележува секоја година на свечен начин.

На тој ден се организираат свечености и не се изведува настава на единиците на Универзитетот.

## IV. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**1. Академска заедница**

**Член 11**

Академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни, наставни, стручно-уметнички, наставно-стручни звања и соработнилки звања и студентите на Универзитетот.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се утврдуваат со овој статут и Етичкиот кодекс што го донесува Сенатот на Универзитетот.

**2. Автономија на универзитетот**

**Член 12**

Универзитетот ја врши својата дејност врз начелото на академската автономија.

Автономијата на Универзитетот ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница во којашто дејствуваат.

Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.

Автономијата на Универзитетот вклучува:

- академска слобода,
- автономија на управувањето,
- неповредливост на просторот,

- финансиска автономија,
- кадровска автономија и
- неприкосновеност на автономијата.

Автономијата на Универзитетот ужива судска заштита и Универзитетот има право да покрене постапка пред надлежен суд во случај на нејзина повреда.

**3. Академска слобода**

**Член 13**

Академската слобода на Универзитетот им припаѓа на членовите на академската заедница и опфаќа:

1. слобода на изразување, негување и поттикнување на критичка мисла и свест кај членовите на академската заедница;
2. слобода во научноистражувачката работа, во уметничкото создавање, во примената и посредување на знаењето;
3. самостојно уредување на внатрешната организација и работењето со овој Статут, донесен во согласност со закон;
4. слобода на изведување на наставата, спроведувањето на научните истражувања, уметничката дејност, односно творештво и применувачка дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања;
5. слобода на студирањето, утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности и на проверката на знаењата на студентите;
6. слобода на избор на студиските програми, во утврдувањето на содржината и на соодносот на задолжителните и на изборните наставни предмети, содржината на наставните предмети и во подготвувањето и избор на учебници и други учебни помагала;
7. слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните содржини;
8. утврдување услови и критериуми за студии од прв, втор и трет циклус, како и други видови на образование;
9. подготвување, усвојување и остварување на научноистражувачки програми и уметнички проекти и применувачка работа;
10. доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и доделување на почесни академски титули;
11. определување посебни услови и постапка за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања и
12. избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања.

**4. Автономија во управувањето**

**Член 14**

Автономијата во управувањето со Универзитетот се изразува во:

1. планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност;
2. воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација;
3. донесувањето на статутот и другите општи акти на високообразовните установи;
4. изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со законот, овој Статут и другите општи акти;
5. управувањето и користењето на имотот во согласност со намената за кој е добиен;

6. одлучување за формите на соработка со други организации;

7. здружувањето во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;

8. остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации и

9. одлучувањето за други прашањаи права утврдени со закон,овој Статут и другите општи акти.

**5. Финансиска автономија**

**Член 15**

Универзитетот самостојно располагаат со сопствените приходи на начин утврден со овој Статут.

За начинот на управување со средставата на Универзитетот одлучува основачот.

Универзитетот може да формира фондови и да основаат други форми на организирање од сопствени приходи, од донации и други извори заради вршење на научно-истражувачка, уметничка, издавачка и применувачка дејност.

Основачот самостојно одлучуваат за акумулацијата на финансиските средства.

**6. Кадровска автономија**

**Член 16**

Универзитетот е автономен во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон.

**7. Неповредливост на академскиот простор**

**Член 17**

Просторот на Универзитетот е неповредлив.

Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на основачот, ректорот односно директорот или на лице овластено од нив, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување кривично дело што непосредно претстои или на започнато кривично дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други непогоди.

Дејствијата на органите на прогонот што се преземаат со одлука на судот може да се спроведуваат само во присуство на овластено лице на Универзитетот.

**8. Неприкосновеност на автономијата**

**Член 18**

Автономијата на Универзитетот е неприкосновена и таа не може да се нарушувасо:

1. неповикано учество во високообразовната дејност на Универзитетот;

2. извршување високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница;

На Универзитетот се забранува партиско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски обележја.

На Универзитетот се забранува верско организирање и дејствување, како и истакнување на верски обележја.

Автономијата не смее да се толкува на начин којшто вклучува повреда на човековите права.

**Член 19**

Просторот на Универзитетот, физички, го обезбедува професионална служба за обезбедување.

Вработените во Службата за обезбедување на Универзитетот поседуваат Лиценца за обезбедување издадена одКомората за обезбедување лица и имот, согласно позитивните законски прописи.

Организацијата и задачите на Службата како и начинот на кој се вршат работите од став 1 од овој член се регулираат со правилникот за внатрешна организација и работа и правилникот за систематизација на работните места.

**7. Мирно решавање на спорови**

**Член 20**

Споровите меѓу членовите на академската заедница, како и споровите меѓу Универзитетот и неговите единици се решаваат спогодбено, во заедничките органи, и на друг начин на разбирање.

Решавањето на споровите од став 1 на овој член не може да го попречува редовното одвивање на дејноста на Универзитетот.

Доколку спорот неможе да се реши на начин предвиден со став 1 од овој член, спорот се решава по судски пат.

## V. УЛОГА, ЗАДАЧИ И ДЕЈНОСТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 21**

Универзитетот има за цел:

1. подигнување на општото образовно и научно-истражувачко ниво, како и нивото на уметничко творештво во Република Северна Македонија;
2. создавање, заштита и пренесување на научни, стручни и уметнички знаења и вештини;
3. развој на науката, поттикнување на технолошкиот развој и унапредување на уметничкото творештво и примена на научните сознанија во развојот на општеството;
4. обезбедување научен, стручен и уметнички подмладок;
5. овозможување секој поединец под еднакви услови да се здобие со високо образование и да се образува во текот на целиот живот;
6. развивање на слободни, критички и креативни личности;
7. зајакнување на вработливоста, компетитивноста и конкурентноста на младите и возрасните;
8. развивање граѓанска одговорност кај академската заедница

Целите од став 1 на овој член Универзитетот ги остварува преку:

1. организирање студии според акредитирани студиски програми;
2. изведување фундаментални, развојни и применети истражувања и вршење применувачка дејност и уметничко творештво;
3. заштита на автономијата на универзитетот и академската слобода;
4. континуирано подобрување на квалитетот и релевантноста на наставата и учењето;
5. обезбедување доволна и одржлива финансиска поддршка за сигурно и непречено одвивање на образовниот, научно-истражувачкиот и уметничкиот процес;
6. демократски, инклузивен процес на одлучување кој оневозможува концентрација на моќ;
7. почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и недискриминација;

8. обезбедување учество на студентите во управувањето и одлучувањето;

9. овозможување и промовирање на мобилност на членовите на академската заедница на странски високообразовни установи иразвивање меѓународна соработка со странски високообразовни институции;

10. развивање меѓународна научна соработка;

11. афирмација на конкуренцијата во образованието и научните истражувања;

12. учество во планирањето, утврдувањето и развојот на вкупниот образовен систем;

13. зголемување на интелектуалниот капитал во Република Северна Македонија;

14. промоција на национална и глобална одговорност; и

15. остварување на концептот на доживотно учење.

Дејностите, обврски и надлежности од став 1 и 2 од овој член Универзитетот ги врши како интегрирани дејности обврски и надлежности.

**Член 22**

Универзитетот ја организира и ја остварува високообразовната, научно-истражувачката и применувачката дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научно-истражувачката и применувачката дејност Универзитетот:

1. го планира остварувањето и развојот на својата дејност, заедно со основачот на Универзитетот;

2. врши високообразовна дејност во прв, втор и трет циклус на студии, научно-истражувачка, применувачка и уметничка дејност во една или во повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини и уметнички области и се грижи за нивниот развој;

3. врши високообразовна дејност за стручни студии од прв циклус на образование и специјалистички стручни студии од втор циклус образование, според условите утврдени во Законот и овој Статут;

4. издава уверенија, дипломи и други исправи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени во Законот и овој Статут;

5. издава други исправи, според условите утврдени со закон и овој Статут;

6. организира студии за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и за континуирано образование и доживотно учење;

7. учествува во планирање, утврдување и развој на вкупниот образовен систем во државата и се грижи за неговото унапредување;

8. се грижи за примена во практиката на резултатите од научно-истражувачката работа;

9. во рамките на политиката за развој на наставно-научна, научно-истражувачка, применувачка и уметничка дејност, остварува соработка со сродни високообразовни и научни установи во земјата и странство;

10. организира научни и уметнички собири, симпозиуми, семинари, советувања и други видови на собири;

11. го организира и управува со информацискиот систем и веб страната на Универзитетот и документите кои задолжително се објавуваат;

12. ја организира работата на библиотеката и организира библиотечно-информациска и документациона дејност;

13. остварува издавачка дејност во рамките на своите потреби и можности;

14. продава и разменува научни и стручни услуги и производи на домашни и странски правни и физички лица;

15 води грижа за унапредување и заштита на стандардот на студентите и на вработените.

Универзитетот во рамките на единствениот библиотечно-информациски систем и врз единствените основи, ја организира работата на библиотеката, библиотечно-информациската и документациската дејност, издавачката дејност, компјутерската мрежа и раководи со неа.

Универзитетот врши и други работи и дејности утврдени со Закон, со овој Статут и со актите на органите.

## VI. ЈАВНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ

### 1. Јавност во работата на Универзитетот

**Член 23**

Универзитетот обезбедува јавност во вршењето на високообразовната и научно-истражувачката дејност.

Јавноста од став 1 на овој член се остварува со ставање на увид на јавноста на годишниот извештај за работењето на Универзитетот, билтенот на Универзитетот, резултатите од евалуацијата, зборници на научни трудови, учебници и учебни помагала, монографии, преку web страницата на Универзитетот, преку изданијата на студентите и на друг соодветен начин.

Универзитетот обезбедува јавност во вршењето на високообразовната и научно-истражувачката дејност со објавување на документи утврдени со Закон.

За информирање на јавноста се грижи основачот на Универзитетот, ректорот и деканите на факултетите во состав на Универзитетот и други лица кои имаат посебни овластувања за тоа.

Известување на јавноста за резултатите од научно-истражувачката дејност е грижа на секој член на универзитетската и факултетската заедница кој учествувал во научно-истражувачката дејност на начин утврден од научно-истражувачкиот тим.

### 2. Отчетност и одговорност

**Член 24**

Отчетноста и одговорноста на Универзитетот се изразува преку:

1. поднесување годиши извештаи за работата;
2. внатрешен систем за оцена на ефективноста и квалитетот на остварувањето на дејностите на Универзитет (самоевалуација);
3. информирање на органите на државна управа на нивно барање согласнои закон;
4. информирање на пошироката јавност согласно закон.

## VII. СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### 1. Единици во состав на Универзитетот

**Член 25**

Универзитетот ги реализира целите и задачите непосредно и преку наставно-научната и применувачката дејност на следните акредитирани организациони единици во неговиот состав:

1. Факултет за правни и политички науки;
2. Факултет за детективи и безбедност;
3. Факултет за економски науки;
4. Факултет за странски јазици;
5. Факултет за информатика;
6. Факултет за спортски менаџмент;
7. Факултет за дизајн и мултимедија;
8. Архитектонски факултет.

Во состав на Универзитетот може да се основаат и други факултети и научни институти.

Единиците на Универзитетот имаат права и обврски за:

1. активно и постојано учество и придонес во остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците;

2. иницирање прашања и предлагање решенија од доменот на дејноста на Универзитетот и на единиците;

3. активно учество во работата на органите и работните тела на Универзитетот и на единиците;

4. реализација на актите, одлуките и задачите на органите на Универзитетот и на единиците и

5. почитување на дигнитетот и достојна употреба на името и обележјата на Универзитетот.

Внатрешната организација, односи и работењето на единците и стручно административната служба се уредуваат со Правилник, во согласност со закон и со овој Статут.

## 2. Услови за стекнување на придружна членка

### Член 26

Како придружни членки можат да пристапат установи и организации чија основна дејност е функционално поврзана со високообразовната, научната, уметничката и стручната дејност на Универзитетот со поднесување барање за пристапување под услов високообразовната или друга организација која сака да стане придружна членка на Универзитетот да има обезбедено простор и соодветна опрема за остварување на својата високообразовна, научноистражувачка, уметничка или друга дејност.

Барањето од став 1 од овој член содржи: образложение за причините, придонесот, како и за резултатите што се очекуваат со нивното учество во остварувањето, унапредувањето и потпомагањето на дејноста на Универзитетот и изјава потпишана од овластено лице дека го прифаќа Статутот и другите акти на Универзитетот. Одлука за пристапување донесува Сенатот по предлог на Ректорската управа, а со претходна согласност од основачот.

Придружната членка има право:

1. да го користи информацискиот и библиотечниот систем на Универзитетот;

2. да има свој претставник во Универзитетскиот сенат со право на одлучување за работите кои се однесуваат на дејноста на придружната членка;

3. во согласност со посебна спогодба да ја користи опремата на Универзитетот за истражување, при остварувањето на заедничките истражувачки проекти со единица, односно единиците на Универзитетот и на Универзитетскиот сенат да му ја поднесе својата студиска програма за усвојување.

Меѓусебните права и обврски помеѓу Универзитетот и придружните членки се уредуваат со посебен договор.

Придружната членка може да го користи името на Универзитетот согласно со договорот за придружно членство.

Дипломите, свидетелствата и другите акти издадени од придружната членка го содржат името на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, согласно со називот: придружна членка на Универзитетот, а потоа целото име на придружната членка. Придружното членство во Универзитетот престанува со истапувањето или со одлука на Универзитетскиот сенат.

Статусот придружната членка не смее да се остварува спротивно на интересите на Универзитетот. Доколку Ректорската управа утврди дека статусот се остварува спротивно на интересите на Универзитетот, утврдени со закон и со овој Статут, за тоа и укажува на придружната членка и поведува постапка за престанување на статусот.

Статусот на придружна члена на Универзитетот престанува и со престанување на својството на правно лице на установата, односно организацијата.

Одлуката за престанување на статусот се носи со 2/3 мнозинство од вкупниот број на членови на Сенатот.

**Член 27**

Основачот на Универзитетот во постапка и под услови утврдени со закон и овој Статут може да формира и други организациони единици.

Единицата на универзитетот за вршење на својата дејност може да организира институт, центар, завод, катедра, оддел и други внатрешни организациони единици. Условите и постапката за формирање и работа поблиску се уредува со правилникот за внатрешна организација и работа. Универзитетот, под условите утврдени со закон и со овој Статут, покрај единиците во негов состав, може да има и други внатрешни организациони единици со кои се поврзува праксата, знаењето, уметноста и високото образование и во чие работење може да учествуваат студентите (инженерски бироа, работилници, центри за правни и бизнис совети, центри за социјална работа и друга помош на граѓаните, производни пробни центри, галерии, радио и ТВ станици и друго), технолошки паркови.

Универзитетот може под условите утврдени со закон и со овој Статут за вршење на својата дејност да организира универзитетски клинички центар, универзитетска поликлиника, универзитетски спортски центар односно универзитетски спортски сојуз, универзитетски ветеринарен клинички центар, аграрни универзитетски институти, центри за истражување и континуирано образование како доживотно учење и други форми од дејноста на единиците.

Со донесување на акт за основање на факултетот на Универзитетот, основачот именува матична комисија. Матичната комисија ја сочинуваат три члена со наставно - научни и научни звања за научната област за која се основа факултетот.

Комисијата ги врши подготвителните работи со кои се создаваат услови за почеток со работа на акредитираниот факултет и во тие рамки врши избор на наставници за првата и втората година на студии врши други работи што и ги доверил основачот.

Матичната комисија при изборот на наставниците не може да врши избор во повисоко наставно-научно звање на кандидатите.

Научен институт во состав на Универзитетот може да се основа за вршење на научно истражувачка работа.

Научен институт во состав на Универзитетот може, самостојно или во соработка со единицата на Универзитетот која изведува студиска програма од исто или сродно научно поле, да врши високо образовна дејност за студии од втор и трет циклус

во научната област за која е основан, после пет години од основањето и доколку е акредитиран за вршење на студии од втор и трет циклус студии и има решение за почеток со работа, согласно закон.

За основање на основање научен институт одлучува Сенатот, по претходна согласност на основачот. Актот за основање на научен институт го донесува основачот.Со донесувањето на актот за основање на научен институт Сенатот именува комисија, која ги врши подготовки за почеток со работа на институтот.

Комисијата ја сочинуваат 5 члена со наставни или наставно-научни звања од научната област во која се основа институтот.

Лице избрано на наставно-научно, стручно-уметничко или научно звање од матичната комисија во постапката за основање на институтот ги стекнува правата и обврските во звањето во кое е избрано со денот на добивањето на акредитацијата.

Со донесувањето на актот за основање на друга организациона единица основачот именува Комисија, која ги врши подготовки за почеток со работа на организационата единица. Работењето на органзационата единица се регулира со актот за основање на организационата единица.

**3. Почесни членки на Универзитетот**

**Член 28**

Универзитетот може во својот состав да има почесни членки, како установи, трговски друштва или други организации од Република Северна Македонија или од друга држава кои со својата дејност дале значителен придонес за неговата афирмација во земјата и во странство и за развојот на високообразовната, уметничката, научно-истражувачката или применувачката дејност на Универзитетот.

**Член 29**

Стекнувањето на статусот „почесна членка" на Универзитетот и нивните права и обврски се уредуваат со посебен акт.

**4. Основање на други организации**

**Член 30**

Универзитетот може под услови утврдени со закон, заради пренос на правата од интелектуална сопственост коишто произлегуваат од нејзината дејност, а особено од научно-истражувачка работа и создавање авторски дела, заради вршење други услуги од јавни овластувања, пренос на научно и стручно знаење, и други остварувања во вршењето на применувачка работа, за вршење на издавачка дејност, за здравствена заштита на студентите, за сместување и исхрана, за културни потреби, спорт и рекреација на студентите и вработените во високообразовните установи и за други потреби, самостојно или со друг соосновач да основа трговско друштво или установа ( во понатамошниот текст: друга организација).

Добивката на трговското друштво кој му припаѓа на Универзитетот по основ на влогот, односно приходот на Универзитетот може да се користи исклучиво за унапредување на дејноста на Универзитетот.

За основање на друга организација е потребно да се обезбедат следниве документи и услови:

- елаборат за основање;
- средства за работа;
- план и програма за работа;
- објект, опрема и простор;

- потребен број работници и
- други услови.

Универзитетот и единиците на Универзитетот своите активности со други субјекти можат да ги реализираат преку основаните трговски друштва или установи.

Остварената добивка на основа на активностите од овој член е приход на Универзитетот.

Одлука за основање на друга организација донесува Универзитетскиот сенат, по предлог на Ректорската управа.

Иницијатива за основање на друга организација може да поднесе основачот, Советот на основачот и единица на Универзитетот.

**5. Внатрешно-организациони единици на Универзитетот**

**Член 31**

На Универзитетот се формирани следниве внатрешно-организациони единици:

- Кабинет на ректор во кој се формираат школи, канцеларии и одделенија кои работат на прашања од областа на обезбедување на квалитет на наставната, научната, образовна и издавачка дејност и култура и библиотечно работење, институционално истражување и проценка на Универзитетот
- Кабинет на проректор за додипломски студии во кој се формираат Школи, канцеларии и одделенија кои работат на прашања од областа на: обезбедување и квалитет на настава додипломски студии ( студии од прв циклус), академска поддршка и советување на студенти, поддршка на студенти со посебни потреби, спортисти и напредни студенти, признанија и запознавање со заедницата;
- Кабинет на проректор за уписи на додипломски студии во кој се формираат канцеларии и одделенија кои работат на прашања од областа на прием на студенти, маркетинг и комуникација, финансиска помош и поддршка на студенти и постапка на уписи
- Кабинет на проректор за последипломски студии во кој се формираат школи канцеларии и одделенија кои работат на прашања од областа на: обезбедување и квалитет на настава последипломски студии (студии од втор циклус), се формираат школи, канцеларии и одделенија кои работат на прашања од областа на магистерски и докторски студии
- Кабинет на проректор за наука и истражувањево рамки на кој се формираат школи, канцеларии, центри и одделенија кои работат на прашања од областа на науката и истражувањето и спонзорирани програми; унапредување на науката и истражувањата, заемна поврзаност на науката и образованието, унапредувањето на домашната и на меѓународната соработка во трансферот на знаења, обука и апликација и унапредување на користењето на резултатите од истражувањата, поврзување на идеи и технологии нна Универзитетот со стопанството, како и комерцијални истражувања;
- Кабинет на проректор за меѓународна соработка во рамки на кој се формираат школи, канцеларии, центри и одделенија кои работат на прашања од областа на:програмите за меѓуанродна соработка (еразмус+ и други програми), соработка за програми за двојни и заеднички дипломи, соработка во рамки на меѓународни мрежи на Универзитети, меѓународни акредитации
- Кабинет на проректор за професионални и продолжени студии во кој се формираат школи и одделенија кои работат на прашања од областа на: професионални и продолжени студии, доживотно и континуирано учење;
- Центар за кампус и инклузивна извонредност во кој се формираат канцеларии и одделенија кои работат на прашања поврзани со: различност, еднаквост и инклузија, , ориентација, транзиција задржување и резиденција на студенти, студентска инклузија,

интеграција во универзитетски кампус, советување, советување и застапување на интересите на студентите, здравствена заштита на студенти, услуги за странски студенти и наставници, решавање на спорови и дисциплинска одговорност на студенти;

- Центар за комуникации и односи со јавност во кој се формираат канцеларии и одделенија кои работат на прашања поврзани со:

- Центар за буџет и финансирање во кој се формираат канцеларии и одделенија кои работат на прашања поврзани со: финансиско, сметководствено, материјално и благајничко работење, развој, инвестиции набавки и одржување;

- Центар за ИТ во кој се формираат канцеларии и одделенија кои работат на прашања поврзани со: електронски индекс, развој, администрација и корисничка поддршка, информативно-комуникациски технологии, системска и мрежна администрација,

- Центар за кариера и алумни во кој се формираат канцеларии и одделенија.

- Центар за спорт и рекреација во кој се формираат канцеларии и одделенија кои работат на прашања поврзани со спорт и рекреација на универзитетскиот кампус.

- Центар за човечки ресурси во кој се формираат канцеларии и одделенија кои работат на прашања поврзани со развој и оценка на човечките ресурси.

**Член 32**

Со центрите, научните институти и другите организации во рамки на Универзитетот, раководи директор. Директорот:

- го застапува и го претставува центарот, научниот институт или другата организација;
- ја предлага програмата за работа;
- организира и обезбедува законско и ефикасно извршување на работите и е одговорен за законитоста во работата;
- ја организира и координира работата на вработените и одлучува за остварување на нивните права и обврски од работен однос;
- ги свикува и ги води состаноците;
- ги извршува одлуките на органите на управување на Универзитетот кои се однесуваат на нивната работа;
- ги известува органите на Универзитетот за својата работа и
- врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Универзитетот.

**Внатрешна организација на единиците на Универзитетот**

**Член 33**

Единиците на Универзитетот, за вршење на својата дејност, можат да организираат: - катедри,
- оддели,
- институти,
- центри,
- лаборатории,
- други внатрешно-организациони единици.

**Катедри и оддели**

**Член 34**

Катедрите се формираат за наставни предмети од иста или од сродна наставно научна област, со цел усогласување и развивање на наставно-образовната, научноистражувачката, применувачката, односно апликативната и уметничката дејност.

Катедрите се основни внатрешно-организациони единици на единиците на Универзитетот кои се основаат, припојуваат и делат во согласност со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа.

Катедра може да се формира ако има најмалку 3 (три) наставника со научен назив доктор на науки.

Катедрата ја сочинуваат наставниците, научните работници и соработниците од иста или сродна научна област на една единица на Универзитетот кои се во работен однос на единицата.

Во работата на катедрата можат да учествуваат наставници избрани во насловни звања, визитинг-професори, соработници, други лица и студенти без право на одлучување. Лицата кои не се во работен однос учествуваат во работата на катедрата без право на одлучување.

Со катедрата раководи раководител на катедрата.

Одлука за основање и укинување на катедра и нејзини надлежности донесува наставно-научниот, односно уметничкиот совет на единицата.

Две или повеќе катедри можат да се поврзат во оддел.

Одделите се формираат заради неопходно поврзување на научните области, насочување и усогласување на наставно-образовната и со неа поврзаната научноистражувачка дејност на катедрите, како и заради развивање на научните дисциплини и струки од тие области.

Со одделот раководи раководител на одделот

Одлука за основање и укинување на одделот и неговите надлежности донесува наставно-научниот, односно уметничкиот совет на единицата.

Раководителот на катедрата односно на одделот се избира од редот на редовно вработените наставници на катедрите со мандат од 3 (три) години со тајно гласање. Одлуката за избор се смета за донесена, ако за неа гласало мнозинството од редовно вработените наставници на катедрите.

**Институти**

**Член 35**

Институтите се формираат за определено научноистражувачко поле за изведување фундаментални, развојни и апликативни проекти и за изведување наставно-образовна дејност поврзана во соодветното научноистражувачко поле.

Институт може да се формира ако има најмалку 2 (две) катедри кои се тематски и функционално поврзани со институтот.

Одлука за основање и укинување на институт донесува наставно-научниот, односно уметничкиот совет, по предлог на катедрите.

**Член 36**

Институтите:

- организираат и остваруваат наставно-образовна дејност;
- организираат и остваруваат научноистражувачка дејност;
- организираат и остваруваат применувачка, односно апликативна дејност;
- изведуваат стручни, советувачки, применувачки и други услуги;
- учествуваат во создавање на научен подмладок;

- се грижат за развојот на научните дисциплини и струки;

- го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа;

- ги проучуваат можностите и формите за пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;

- учествуваат при изработката на програмите за научноистражувачка и наставнообразовна работа на единицата на Универзитетот и

- вршат и други работи утврдени со статутот на единицата.

**Член 37**

Институтите се основаат, припојуваат и делат во согласност со потребите на наставнообразовната и научноистражувачката работа.

**Член 38**

Институтот има раководител кој се избира од редот на редовно вработените наставници на катедрите со мандат од 3 (три) години со тајно гласање.

Одлуката за избор се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од редовно вработените наставници на катедрите.

**Центри**

**Член 39**

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката и наставно-образовната работа, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување на информатички и информациско-документациски активности. Центрите се формираат во согласност со потребите на единиците на Универзитетот. Центрите можат да вршат применувачка, односно апликативна дејност.

**Член 40**

Одредбите за раководителот на катедра од овој Статут соодветно се применуваат и за раководител на центар.

**Лабораториии**

**Член 41**

Лабораториите се формираат за практични изведувања на наставно-образовната, научноистражувачката, применувачката, односно апликативната и уметничката дејност.

**Член 42**

Со работата на катедрите, одделите, институтите, центрите и лабораториите раководи раководител.

## VIII. ИМОТ И ФИНАНСИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### 1. Имот на Универзитетот

**Член 43**

Материјалните средства и средствата за вршење на дејноста на Универзитетот и на единиците во неговиот состав се сопственост на основачот.

Основачот управува и располага со имотот, паричните средства и другите материјални права заради создавање услови за непречено одвивање на високообразовната дејност.

**Член 44**

Во случај Универзитетот да престане да работи имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските, му припаѓаат на основачот.

**Член 45**

Во случај Универзитетот да престане со работа основачот има обврска да им ги надомести уплатените средства на студентите заради продолжување на студиите на друга високообразовна установа.

**2. Финансирање**

**Член 46**

Финансирањето на Универзитетот се остварува од повеќе извори, и тоа:

1. школарина и други давачки на студентите;

2. парични средства на основачот;

3.образовни активности и вршење на образовна, научноистражувачка, применувачка, односно апликативна дејност и научни и стручни услуги и континуирано образование за домашни и за странски правни и физички лица

4. проекти кои се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија и други домашни и странски владини и невладини организации;

4. домашни и странски грантови по определени проекти;

5. издавачка дејност на Универзитетот;

6. камати и дивиденди;

7. продавања на научни и стручни услуги и производи на домашни и странски правни и физички лица;

8. приходи врз основа на авторски права во сопственост на Универзитетот;

9. донации, легати, подароци, завештенија, прилози и

10. други извори.

## IX. ТЕЛА И ОРГАНИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 47**

Тела на Универзитетот се:

1. Орган на основачот (во понатамошниот текст: Совет на основачот).
2. Универзитетско студентско собрание.

Органи на Универзитетот се:

1. Сенат на Универзитетот;
2. Ректор;
3. Ректорска управа;

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот, како независно тело се формира Студентски правобранител на Универзитетот.

**1. Совет на основачот**

**Член 48**

Советот на основачот е составен од седум члена.

Основачот ги именува членовите на Советот на основачот.

Ректорот е член на Советот на основачот, по функција, без право на глас.

Основачот е претседател на Советот на основачот.

Основачот може да именува еден или повеќе потпретседатели, од членовите на Советот. Потпретседателите се избираат за период од пет години со право на повторен избор.

Во случај на отсуство на претседателот на Советот на основачот, работите од неговата надлежност ги извршува потпредседателот, односно потпретседателите.

Во случај на поделеност на гласовите на Советот на основачот, предност има мислењето на основачот м-р Фијат Цаноски.

**Член 49**

Советот на основачот:

1. ја уредува генералната политика на Универзитетот;
2. ја одобрува програмата за развој и за работа на Универзитетот;
3. се грижи за обезбедување на финансиски и материјални средства неопходни за вршење на дејноста на универзитетот и дополнителни средства над средствата утврдени во финансискиот план, кога за тоа има оправданост;
4. дава согласност за финансирање на постоечки и нови единици на Универзитетот, студискипрограми и проекти на Универзитетот;
5. одлучува за располагање со приходите на Универзитетот;
6. врши надзор над материјално - финансиското работење на Универзитетот;
7. одлучува за користење на имотот и за финансирање на дејноста на Универзитетот;
8. дава согласност на актот за организација, внатрешните односи и работењето на Универзитетот и актот за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на Универзитетот;
9. предлага доделување звање професор емеритус, звање почесен професор и титула почесен доктор на науки;
10. одлучува во втор степен по решени ја на директорот;
11. се грижи и предлага мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и на вработените на Универзитетот;
12. одлучува за основање на советодавни и други тела за работите од негова надлежност;
13. врши и други работи утврдени со закон и Статут на Универзитетот.

**Член 50**

Советот на основачот може и да врши надзор над извршувањето на дејноста на универзитетот, задачите на универзитетот во согласност со Законот за високото образование, законитоста на неговото работење, рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси и да врши други работи утврдени со овој Статутот.

**Член 51**

Директорот е извршно тело на Советот на основачот.

Директорот го назначува основачот.

Директорот е самостоен во работата од својот делокруг и во вршењето на своите права, должности и одговорности е одговорен пред основачот.

Директорот може да има еден или повеќе заменици.

**Член52**

Директорот и ги врши следните надлежности:

1. се грижи за извршување на одлуките на Советот на основачот;

3. ги утврдува работните обврски на вработените, согласно Законот за работните односи;

4. ја подготвува завршната сметка и ја доставува на основачот заради одобрување;

7. одлучува за награди и други признанија на вработените и презема мерки во случај на неисполнување на работните обврски;

8. раководи и е одговорен за планско-аналитичките работи, работите од областа на финансиите и книговодство, евиденцијата и статистиката, работите на чувањето и одржување на објектот, одржувањето и чувањето на просториите;

9. во координација со генералниот секретар на Универзитетот, ги следи и раководи со работите на компјутерската мрежа, на информативниот и на библиотечниот систем на Универзитетот, издавачката дејност, како и други работишто според својата природа спаѓаат во овие видови работи;

10. именува и разрешува раководители на административните и на техничките служби на Универзитетот;

11. именува и разрешува раководител на Центарот за развој и кариера;

12. ги утврдува правилата за организација и работа на универзитетската библиотека;

13. се грижи за студентскиот стандард;

14. врши и други работи што ќе му ги довери Советот на основачот.

**2. Сенат на Универзитетот**

**Член 53**

Сенатот на Универзитетот (во натамошниот текст: Сенат) е орган на управување и стручен орган на Универзитетот.

Сенатот го сочинуваат по еден претставник од единиците во состав на Универзитетот, придружните членки и еден претставник на студентите, предложен од универзитетското студентско собрание.

Сенатот го сочинуваат и најмалку 10% но не повеќе од 15% од членовите на сенатот, предложени од универзитетското студентско собрание.

Член на сенатот може да биде лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање и редовен студент на универзитетот во моментот на изборот.

Членовите на сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет.

Временскиот период за кој се избираат членовите на сенатот од претходниот став на овој член изнесува три години, со право на уште еден избор.

Универзитетското студентско собрание ги избира претставниците на студентите во сенатот со тајно гласање, за време од една година без право на реизбор.

При изборот на претставниците во сенатот, се води сметка за правичната застапеноство сенатот на претставниците од различните студиски области, јазициите на кој се изведува наставата, родова застапеност и слично.

Членовите на сенатот избрани од придружните членки на универзитетот учествуваат во работата и одлучувањето на сенатот за делокругот на работа на придружната членка.

Декан, продекан, или директор на единица на универзитетот не може да се избираат за членови на Сенатот.

Членовите на сенатот избрани од единиците на универзитетот се избираат за временски период од три години, со право на уште еден избор.

Членот на сенатот избрано од универзитетското студентско собрание се избира за временски период од една година, без право на повторен избор.

**Член 54**

Кандидат за член на сенатот предлага Советот на основачот.

Предложениот кандидат потребно е недвосмислено ќе се изјасн дека ја прифаќа кандидатурата.

За избран член на сенатот се смета кандидатот кој добил најмногу гласови, но не помалку од 1/3 од вкупниот број членови на наставно- научниот совет, односно универзитетското студентско собрание.

Доколку има само еден кандидат за член на сенатот тој се смета за избран доколку за него гласале најмалку 1/3 од вкупниот број членови на советот, односно универзитетското студентско собрание.

Доколку ниту еден кандидат, односно единствениот кандидат не го добие потребното мнозинство, постапката за избор на член на сенатот се повторува.

**Член 55**

Поединечен член на сенатот може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран, ако:

1. работи спротивно на генералната политика на Универзитетот, утврдена од страна на основачот;
2. работи спротивно на Законот за високото образование, овој статут и другите општи акти на Универзитетот;
3. со своето однесување и делување го нарушува угледот на Универзитетот, неговите органи и тела, вработените и студентите.

**Член 56**

Предлог за разрешување на член на сенатот може да поднесе основачот, Советот на основачот или најмалку 1/3 од наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет кој го избрал.

Доколку предлагачи за разрешување член на сенатот се 1/3 од наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет, тие се должни да обезбедат согласност од Советот на основачот за разрешувањето и предлог за избор на нов член на сенатот.

Кога основачот или Советот на основачот предлага разрешување на член на сенатот, тој е должен заедно со предлогот за разрешување да достави и предлог за избор на нов член на сенатот.

За разрешување на член на сенатот одлучува наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет кој го избрал.

**Член 57**

Претседателот на Сенатот го бираат членовите на Сенатот од своите редови, освен студентот, на првата конститутива седница на сенатот.

Претседателот се избира со непосредно, тајно гласање, за временски период од една година, со право на уште еден избор.

Кандидат за претседател на Сенатот предлага Советот на основачот.

Кандидатот за претседател на Сенатот потребно е недвосмислено ќе се изјасни дека ја прифаќа кандидатурата.

За избран претседател на Сенатот се смета кандидатот кој добил најмногу гласови, но не помалку од 1/3 од вкупниот број членови на сенатот.

Доколку има само еден кандидат за претседател на Сенатот тој се смета за избран доколку за него гласале најмалку 1/3 од вкупниот број членови на Сенатот.

Доколку ниту еден кандидат, односно единствениот кандидат не го добие потребното мнозинство, постапката за избор на претседател на Сенатот се повторува.

**Член 58**

Со Сенатот раководи претседател на Сенатот.

Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

Претседателот на Сенатот свикува седница на Сенатот најмалку еднаш месечно.

Со првата, конститутивна седница на Сенатот, до избор на претседател на Сенатот, раководи член на Сенатот што е избран во највисоко наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање. Доколку повеќе членови на Сенатот се со еднакво звање, со седницата раководи највозрасниот член, избран во највисоко звање.

Претседателот на Сенатот е должен на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот, или на барање на ректорот да свика седница на Сенатот.

Доколку претседателот на Сенатот не ја свика седницата, Ректорот ја свикува седницата на Сенатот. Во тој случај, со седницата раководи член на сенатот кој е избран да раководи со седницата од најмалку една петтина од членовите на Сенатот.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Сенатот, седниците на Сенатот ги води член на Сенатот, определен од Претседателот на Сенатот или доколку не е определен, член на сенатот кој е избран да раководи со седницата од најмалку една петтина од членовите на Сенатот.

Претседателот на сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на сенатот.

Вршењето на должноста претседател на Сенат е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

**Член 59**

Претседателот на сенатот може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран од истите причини поради кои може да биде разрешен член на сенатот, од член 55 од овој статут.

Предлог за разрешување на претседателот може да предложи основачот и секој член на сенатот.

Заедно со предлогот за разрешување на претседателот на сенатот, основачот поднесува и предлог за избор на нов претседател.

Доколку за предлагач за разрешување на претседателот на сенатот е член на сенатот, тој е должен да обезбеди согласност од основачот и предлог за избор на нов претседател.

Доколку претседателот на сенатот е разрешен пред истекот на времето за кое е избран, временскиот период за кој се избира новиот претседател се поклопува со временскиот период за кој бил избран претходниот претседател.

Доколку претходниот претседател на сенатот е разрешен во неговиот втор временски мандат, новиот претседател може да биде повторно избран за претседател на сенатот.

**Член 60**

Работите од својата надлежност Сенатот ги извршува на седници.

Сенатот може полноправно да работи и одлучува ако на седницата се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови, а одлучува со мнозинство гласови од присутните, но не помалку од 1/3 од вкупниот број членови.

За изборот на органите на универзитетот и избор на претседател на Сенатот, задонесување на Статутот на Универзитетот, за избор и разрешување на ректор, проректори, за избор на редовни професори, Сентотот одлучува ако се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број на членовите, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови на Сенатот.

При при потврдувањето на изборот во звање редовен професор и изборот на професор емеритус, не учествуваат претставниците на студентите.

**Член 61**

На седниците на Сенатот може да се поканат основачот и претседателот на Советот на основачот. За присуството на основачот и претседателот на Советот на основачот на седниците на сенатот, одлучува сенатот.

Ректорот и проректорите се членови на Сенатот по положба, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да бидат избрани за претседатели на сенатот.

Генералниот секретар може да присуствува учествува во работата на Сенатот без право на глас, без право да учествуваат во одлучувањето и без право да биде избран за претседател на сенатот. За присуството на генералниот секретар на седниците на сенатот, одлучува сенатот.

**2.1. Надлежност на Сенатот**

**Член 62**

Сенатот на Универзитетот ги има следните надлежности:

1. донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав,
2. одлучува за наставната, научната, уметничката и високостручната (применувачка) дејност,
3. ги усвојува студиските програми на факултетите, односно на високите стручни школи и на научните институти во негов состав кои вршат високобразовна дејност согласно со овој закон,
4. ги предлага до Националниот совет за високо образование основите врз кои се определува школарината за студирање,
5. одлучува за основање и престанок на внатрешни организациони единици, организации и трговски друштва,
6. одлучува за статусни промени,
7. утврдува мислење за престанокот на потребата од постоење на определени единици на универзитетот и за нивното трансформирање,

8. донесува годишна и тригодишна програма за развој и работа на универзитетот,

9. дава мислење и поднесува предлози на Програмата за високообразовна дејност и дава мислење по годишната програма за развој на единиците во неговиот состав,

дава мислење и поднесува предлози на националната програма за научно-истражувачката дејност на Република Северна Македонија,

10. го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот, поднесен од Ректорот,

11. усвојува годишен финансиски план на универзитетот,

12. донесува годишна финансиска пресметка и годишен завршен финансиски извештај на универзитетот,

13. донесува програма за инвестиции на универзитетот,

14. одлучува по жалба против одлуката по приговор од лицето кое не е избрано ниту во постојното звање,

15. го промовира изборот на ректор;

16. избира и разрешува проректори;

17. одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa), звањето почесен професор на универзитетот (profesor honoris causa) и звањето професор емеритус,

18. избира универзитетска изборна комисија,

19. решава за потврдување на суспензијата на декан, односно директор на единицата на универзитетот,

20. го потврдува изборот на декан, односно директор на единиците на универзитетот,

21. дава мислење на националниот совет за високо образование по нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовната дејност,

22. донесува правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања,

23. донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии,

24. донесува правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот,

25. донесува правилник за издавањето на дипломи, додаток на дипломи, стручниот, односно научниот назив и други документи за завршени студии на високо образование и за условите и постапката за одземање на издадената диплома,

26. донесува правилник за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на универзитетот,

27. донесува правилник за организирање на издавачката дејност и одлучува за издавачката дејност,

28. донесува програма за меѓународна соработка,

29. ги утврдува работните обврски на вработените и утврдува принципи за уредување на работните односи на вработените што изведуваат високообразовна, научна и уметничка дејност,

30. на предлог на ректорот избира и разрешува генерален секретар на универзитетот,

31. формира комисија за самоевалуација на универзитетот и ги избира нејзините членови,

32. донесува Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на универзитетот и неговите единици во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува Националниот совет за високо образование,

33. донесува деловник за работа на сенатот,

34. презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените

35. избира претседател на сенатот,

36. донесува општ акт за уредување на работата на центарот за кариера на универзитетот,

37. го донесува општиот акт со кој се утврдуваат условите за упис на студиски програми за лицата кои не завршиле еднакво образование во странство,

38. го донесува општиот акт со кој се пропишуваат можните начини на проверка на знаењето на студентите,

39. избира вршител на должноста ректор согласно со овој закон,

40. од редот на редовните професори на универзитетот избира овластено лице за прием на пријави на корупција,

41. донесува општ акт со кој ја уредува работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција,

42. на предлог на универзитетското студентско собрание, избира студентски правобранител,

43. донесува програма за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување пристап до високото образование на лицата со попреченост и

44. врши други работи утврдени со овој закон и овој Статутот.

**Член 63**

Заради проучување на прашања од своја надлежност, подготвување на елаборати и правни акти, Сенатот може да формира комисии и работни тела од свои членови и претставници на студентите, наставниците, соработници и други работници од факултетите и Универзитетот.

Задачите, правата и обврските на членовите на комисиите и телата од претходниот став се уредуваат со актот за формирање.

Седниците и работењето на Комисиите се уредуваат со деловникот за работа на Сенатот.

**Член 64**

Актите донесени од страна на Сенатот ги потпишува претседателот на Сенатот, односно членот на Сенатот што претседавал со седницата.

**Член 65**

Поблиски одредби за начинот на работа на Сенатот, комисиите и работни тела на сенатот се содржани во Деловникот за работа на Сенатот.

## 3. Ректор на Универзитетот

### 3.1. Положба и избор

**Член 66**

Ректорот е раководен орган на универзитетот.

Ректорот го претставува и застапува Универзитетот во земјата и во странство.

Ректорот ја врши својата должност професионално.

Ректорот ги остварува своите права од работен однос според договор. Со договорот се уредува и обемот на неговиот ангажман на наставник на единицата од која е избран, кој не може да биде повеќе од 30% од работното време.

**Член 67**

Ректорот се избира на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на единиците.

Ректорот се избира со објавување на јавен оглас за избор на Ректор

Ректорот се избира од редот на редовните професори за време од три години, со право на уште еден избор.

Најмногу 6 месеци пред истекот на мандатот на ректорот, Универзитетот објавува јавен конкурс за избор на ректор.

Конкурсот трае најмалку еден месец.

**Член 68**

За ректор може да биде избрано лице кое има има наставно-научно, научно или уметничко звање редовен професор.

**Член 69**

При аплицирањето, кандидатите за избор за ректор, покрај документите со кои го докажуваат исполнувањето на условите предвидени со закон, доставуваат своја биографија и предлог-програма за работа, како и мерки и активности за развој и афирмација на Универзитетот.

**Член 70**

Сенатот во рок од 3 дена од денот на завршување на јавниот оглас, формира универзитетска изборна комисија составена од седум сенатори, која:

1.ја цени исполнетоста на условите за избор на ректор и уредноста на пријавата,

2.ја утврдува листата на кандидати на ректор, и

3.ги сумира резултатите од гласањето за избор на ректор.

Нецелосните и ненавремените апликации за избор на ректиор Сенатот ќе ги отфрли.

Сенатот може да побара и дополнителни појаснувања и други документи од кандидатите за избор на ректор.

**Член 71**

Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на работата на универзитетската изборна комисија.

Наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет на единицата избира петчлена комисија која го спроведува гласањето на единицата на универзитетот. Секој кандидат за ректор може да овласти набљудувачи на процесот на гласање на секоја едница на универзитетот.

Гласањето за ректор се спроведува во ист ден во периодот од 12 до 14 часот на сите единици на универзитетот.

По завршувањето на гласањето се пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето, при што освоениот број гласови на секој кандидат на секоја единица посебно, се изразува во проценти од вкупниот број важечки гласови на единицата и се

множи со бројот на сенаторите кои ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите.

Резултатите од гласањето се испраќаат до универзитетската изборна комисија во рок од два часа од завршувањето на гласањето.

Универзитетската изборна комисија ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на универзитетот, при што за ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на универзитет, односно чиј збир на поени е најголем откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените кои ги добил на секоја единица посебно.

**Член 72**

Ректорот го избираат членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на непосредни и тајни избори..

Гласањето го спроведува петчлена комисија формирана од наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет на секоја единица во состав на Универзитетот.

**Член 73**

Универзитетската изборна комисија го утврдува денот кога ќе се спроведе гласањето за избор на ректор.

Универзитетската изборна комисија изработува онолку гласачки листови колку што изнесува вкупниот број на членови на наставно-научни, научни или наставнички совети.

На гласачкиот лист се наведуваат кандидатите за ректор по оној редослед по кој ги предложил основачот.

Гласачките листови се заверуваат со печат на Универзитетот.

Изборните комисии на сите единици на Универзитетот ги подигаат гласачките листови од Универзитетската изборна комисија во соодветен број, во 11 часот на денот на гласањето.

**Член 74**

Гласањето го спроведуваат Изборните комисии на сите наставно-научни, научни или наставнички совети, во исто време, во периодот од 12 до 14 часот.

Изборните комисии на сите наставно-научни, научни или наставнички совети ги известуваат сите свои членови во која просторија ќе се спроведе гласањето.

Членовите на соодветните наставно-научни, научни или наставнички совети гласаат со заокружување на редниот број пред името на еден од кандидатите.

Избoрачките листови се превиткуваат еднаш по должина и еднаш по ширина на листот, при што отпечатениот дел од листето е од внатрешната страна и се ставаат во проsирна папка.

Гласањето се смета за успешно ако гласале повеќе од половината членови на наставно-научниот, научниот или наставничкиот совет. При определувањето на успешноста на гласањето не се сметаат претставниците на факултетското студентско собрание.

**Член 75**

По завршувањето на гласањето се Изборната комисија на секоја единица на Универзитетот пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето, при што освоениот број гласови на секој кандидат се изразува во проценти од вкупниот број

важечки гласови на единицата и се множи со бројот на сенаторите кои ги избира единицата, со што се добива бројот на поени што ги освоил секој од кандидатите.

**Член 76**

По завршувањето на гласањето Изборните комисии на единиците на Универзитетот составуваат записник.

Записникот содржи:

1. колкав број на гласачки листови се подигнати од Универзитетската изборна комисија;
2. колку членови на соодветниот наставно-научен, научен или наставнички совет гласале, по број и во процент;
3. колку гласачки листови се неважечки;
4. број на поени што ги освоил секој кандидат поединечно;
5. други забелешки.

Секој член на Изборната комисија може да стави своја издвоена забелешка на записникот.

Резултатите од гласањето се доставуваат до Универзитетската изборна комисија.

**Член 77**

Универзитетската изборна комисија ги сумира резултатите од гласањето на сите единици на универзитетот

За ректор е избран кандидатот кој добил најголем број поени на ниво на универзитет, односно чиј збир на поени е најголем откако за секој кандидат поединечно ќе се соберат поените кои ги добил на секоја единица посебно.

**Член 78**

Постапката за избор на ректор, во секој случај се повторува ако од објавувањето на конкурсот до денот на гласањето изминале најмалку 6 месеци.

**Член 79**

Кандидатите за ректор имаат право на приговор, во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите, за неправилно пресметување на поените кои ги освоиле кандидатите или за неправилности при гласањето.

Доколку рокот од претходниот став на овој член истекува во неработен ден, краен рок за поднесување на приговорот е до 10 часот од првиот нареден работен ден.

Ненавремените приговори Универзитетската изборна комисија ќе ги отфрли.

Универзитетската изборна комисија е должна да одлучи по приговорите најдоцна во рок од 24 часа од приемот на приговорот, односно ако рокот за одлучување истекува во неработен ден, до 10 часот од првиот нареден работен ден.Решението на Универзитетската изборна комисија е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

**Член 80**

Сенатот, на свечена седница, со една точка на дневниот ред, го промовира избраниот ректор.

**Член 81**

Во периодот од престанувањето на функцијата на претходниот ректор до избор на нов ректор, должноста ректор ја врши вршител на должност.

Лицето од претходниот став на овој член не може да ја врши должноста ректор подолго од 6 месеци.

**Член 82**

На Универзитетот може да се изберaат еден или повеќе проректори.

Проректор се избира од редот на редовните или вонредните професори.

Проректор се избира од Сенатот на Универзитот на предлог од ректорот, со предходна согласност од основачот на Универзитет за предложениот кандидат.

**Член 83**

Вршењето на должноста ректор и проректор на Универзитетот е неспојливо со вршење на друга државна функција или функција во политичка партија.

**3.2. Надлежност на ректорот**

**Член 84**

Во рамките на раководењетосо Универзитетот, Ректорот:

1.се грижи и го организира извршувањето на одлуките на основачот;

2.ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и Ректорската управа;

3.му предлага на основачот, свикување на седница на Советот, за разгледување на прашања од надлежност на основачот;

4.ја усогласува високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачката дејност и друга работа на универзитетот,

5.ги извршува одлуките и заклучоците на сенато-т,

6.дава иницијатива за свикување на сенатот,

7.им поднесува на сенатот и на ректорската управа предлози и одлуки и други општи акти и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во нивна надлежност,

8.одлучува за финансиските и материјалните прашања кои не се во надлежност на сенатот на Универзитетот;

9.промовира доктори на науки;

10.доделува награди на универзитетот;

11.ги свикува, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на ректорската управа;

12.предлага избор и разрешување на проректор;

13.суспендира декан или директор на единица на универзитет за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на универзитетот и поставува времен вршител на должност декан, односно директор на единица на универзитетот,

14.предлага избор и разрешување на генерален секретар на универзитетот;

15.назначува времен вршител на должност декан, односно вршител на должност директор на единицата на универзитетот;

16.ја води меѓународната соработка на универзитетот и иницира соработка со други универзитети во земјата и странство,

17.дава овластување на проректорите за вршење на дел од своите права и обврски,

18.управува со имотот универзитетот согласно одлуките на основачот и се грижи за неговото одржување и

19врши други работи утврдени со закон, овој Статут и другите општи акти на Универзитетот.

Ректорот е должен најмалку еднаш во годината да поднесува извештај за својата работа и работата на Универзитетот во кој е содржани и финансиски извештај до основачот и до Универзитетскиот сенат.

Ректорот го подготвува Извештајот согласно правилникот за содржината и формата на извештајот за работата на ректорот, донесен од националниот совет.

Ако извештајот за работа не биде прифатен, се смета дека ректорот е во оставка и се започнува постапка за негово разрешување пред истекот на времето за коешто е избран.

**Член 85**

Мандатот на ректорот престанува пред истекот на периодот за кој е избран, во еден од следните случаи:

1. ако тоа сам го побара,

2.ако трајно ја загуби способноста за вршење на должноста ректор,

3.ако ги исполни условите за старосна пензија или

4.ако биде разрешен од должноста.

**Член 86**

Ректорот може да биде разрешен од должноста ако:

1. работи спротивно на генералната политика на Универзитетот, утврдена од страна на основачот;

2. работи спротивно на Законот за високото образование, овој статут и другите општи акти на Универзитетот;

3. со своето однесување и делување го нарушува угледот на Универзитетот, неговите органи и тела, вработените и студентите.

**Член 87**

Иницијатива за разрешување на ректорот може да поднесат најмалку 2/3 од членовите на сенатот или најмалку три наставно-научни, научни или наставнички совети.

За иницијативата одлучува Советот на основачот.

Доколку Советот на основачот утврди дека иницијативата е основана, предлага гласање за недоверба на ректорот.

Советот на основачот може да предложи гласање за недоверба на ректорот и без иницијатива од субјектите од став 1 на овој член.

За недовербата на ректорот се изјаснуваат сите наставно-научни, научни или наставнички совети.

Седниците на наставно-научните, научните или наставните совети на кои се расправа за недоверба на ректорот започнуваат во исто време.

За да биде изгласана недоверба на ректорот потребно е најмалку три наставно-научни, научни или наставни совети да се изјасната за недоверба, со повеќе од половина мнозинство од сите членови на советот или повеќе од половина од вкупниот број на членови на сите наставно-научни, научни или наставни совети.

**Член 88**

Субјектите од член 87, став 1 од овој статут можат да поднесат иницијатива за разрешување на ректорот само еднаш во текот на една академска година.

Советот на основачот може да предлага гласање за недоверба на ректорот во секое време, неограничен број пати.

**Член 89**

Во случаите на престанок на мандатот на ректорот пред истекот на времето за кое е избран до изборот на нов ректор, сенатот на избира за вршител на должноста ректор од еден од проректорите на универзитетот, за период од најмногу шест месеци.

Едно лице може да биде избрано за вршител на должноста ректор само еднаш.

Доколку ниеден од проректорите не го добие потребното мнозинство, се применува принципот на сениоритет меѓу проректорите, односно функцијата вршител на должност ректор ја врши проректорот кој прв бил избран во звањето редовен професор, односно највисокото звање во кое се избрани проректорите за период кој не може да биде подолг од шест месеци.

Вршителот на должноста ректор ги има сите права и должности на ректорот.

Најдоцна 30 дена од денот на изборот на вршителот на должноста ректор, се поведува постапка за избор на ректор.

**3.3. Одговорност на ректорот за законитоста и статутарноста**

**Член 90**

Ректорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на Универзитетот и факултетите во неговиот состав и има право и должност да запре од извршување или да укине акт на нивни органи, ако смета дека не е во согласност со закон, статутот, општ акт или одлука на Универзитетот.

Факултетот, односно органот чиј акт е запрен од извршување или укинат, има право на жалба до Сенатот.

Одлуката на Сенатот е конечна.

**Член 91**

За непочитување на закон, статут или општ акт на Универзитетот, ректорот може да суспендира декан на факултет и да именува вршител на должноста декан.

Сенатот во рок од 30 дена од суспензијата на деканот одлучува за мерката изречена од ректорот.

Ако Сенатот ја потврди мерката изречена од ректорот, го овластува ректорот да го разреши суспендираниот декан и во рок од три месеци да спроведе постапка за избор на нов декан.

До изборот на декан во рокот од претходниот став, должноста продолжува да ја врши именуваниот вршител.

**Член 92**

За извршување на дел од своите надлежности, ректорот можеда ги овласти проректорите на Универзитетот.

За исполнување на обврските од пренесените надлежности, проректорите одговараат пред ректорот, Сенатот и Ректорската управа.

**Член 93**

Во случај на отсуство или спреченост на ректорот, го заменува проректорот или друг член на Ректорската управа што тој ќе го овласти.

**4. Ректорска управа**

**Член 94**

Ректорската управа ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на научните институити и претставник на студентите.

Во работата на Ректорската управа учествуваи генералниот секретар на Универзитетот, без право на одлучување.

На седницата на Ректорска Управа може да присуствува осовачот и директорот.

Со Ректорската управа раководи Ректорот.

## 4.1. Надлежност на Ректорската управа

**Член 95**

Ректорската управа, во рамките на својата надлежност:

1. усвојува деловник за работа на Ректорската Управа;
2. ги подготвуваи предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Сенатот и ректорот;
3. го утврдува и го објавува конкурсот за запишување по претходна согласност на основачот,
4. дава мислење на елаборатите за нови студиски програми од прв, втор и трет циклус и за нови профили на стручни кадри;
5. утврдува предлог за висината на школарина и други трошоци на студентите на и го доставува до основачот
6. го следи, проценува и предлага мерки во врска со организирањето на наставниот процес на факултетите во состав на Универзитетот;
7. утврдува предлог за интердисциплинираните и мултидисциплинираните научно-истражувачки проекти;
8. ја утврдува кандидатурата на членови на Ректорската конференција на приватните универзитети и на Интеруниверзитетската конференција;
9. донесува одлуки за тековната меѓународна соработка на Универзитетот;
10. го уредува издавањето на дипломи и други документи за завршени студии;
11. дава мислење за спојување, поделба или припојување на одделни факултети кои се во состав на Универзитетот;
12. дава мислење за престанување на потребата од постоење на определени факултети на Универзитетот и за нивно припојување;
13. врз основа на предлог на факултетите врши изедначување на условите, мерилата и критериумите за запишување студенти;
14. го утврдува и објавува конкурсот за запишување студенти и бројот на студентите што можат да се запишат, согласно решението за акредитација;
15. ги објавува сите студиски програми и општите услови за запишување и студирање, пред објавувањето на конкурсот;
16. одлучува за издавачката дејност на Универзитетот;
17. ги усогласува посебните и заедничките интереси од значење за организирање на наставно-образовната и научно-истражувачката дејност;
18. се грижи за развојот на научно-истражувачката дејност на Универзитетот;
19. донесува поблиски одредби за употребата на обележјата на Универзитетот;
20. донесува одлука за одземање дипломи на начин и во постапка пропишани со акт на Универзитетот;
21. азема ставови и донесува заклучоци за прашања од заеднички интерес на факултетите во состав на Универзитетот, што се однесуваат на високообразовната, научно-истражувачката и применувачката дејност;

22. утврдува поблиски решенија за организацијата и одржувањето на единствениот информативен систем на Универзитетот;

23. донесува поблиски решенија со кои се утврдуваат основите на единствениот библиотечно-информативен систем на Универзитетот;

24. предлага доделување титула почесен доктор на науки на Универзитетот, титула почесен професор и професор емеритус;

25. одлучува за вонредни испитни рокови;

26. донесува одлука за издавање јавни гласила на Универзитетот;

27. врши и други работи определени со закон, овој Статут, и актите на Универзитетот.

**Член 96**

Ректорот има право да запре од извршување одлука на Ректорска управа и Сенатот или друг орган на Универзитетот и факултетите кога смета дека таа не е во согласност со Уставот и законите или не е во интерес на Универзитетот.

Одлука по спорното прашање донесува Сенатот.

**Член 97**

Ректорската управа ги врши работите од својата надлежност на седници.

Ректорската управа може да одржува свечени седници по повод јубилеи, прослави и други случаи.

**Член 98**

Членот на Ректорската управа има право и должност да присуствува на седниците на Управата и да учествува во нејзината работа.

Членот на Управата кој е спречен да присуствува на седницата на Ректорската управа, должен е за тоа навремено да го извести ректорот.

Членот на Управата кој е спречен да присуствува на седницата на Ректорската управа може да определи друг наставник од соодветниот факултет кој ќе присуствува на седницита.

Членот на Ректорската управа може да присуствува и на седниците на другите работни тела и комисии, како и да учествува во нивната работа, но без право на одлучување.

**Член 99**

Членот на Ректорската управа има право и должност да поднесува предлог-одлуки и други акти кои ги донесува Управата, да учествува во претресот на предлог-одлуките, актите и другите прашања што се на дневен ред на седницата на Управата.

**Член 100**

Ректорот ги свикува седниците на Ректорската управа по своја иницијатива, како и по барање од најмалку пет членови на Управата или по барање на еден факултет во состав на Универзитетот.

Во негова одсуство, седницата на Управата ја свикува и со неа раководи еден од проректорите на Универзитетот, или во отсуство на проректорите друг член на Ректорската управа кој е овластен од ректорот.

**Член 101**

Ректорската управа може да работи ако на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови на Управата.

Одлуките на Ректорската управа се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 102**

Ректорот е должен да го формулира предлогот за кој се гласа и по гласањето да ја формулира одлуката која е донесена. Прифатената формулација на одлуката се внесува во записник.

**Член 103**

Одлуките донесени на седница на Ректорска управа ги потпишува ректорот.

### 4.2. Комисии и работни тела

**Член104**

Ректорската управа формира комисии, одбори и други работни тела за проучување и изготвување предлози за прашања од делокругот на работата на органите на Универзитетот.

### 4.3. Постапка за донесување на општите акти на Универзитетот

**Член 105**

Нацртите на општите акти на Универзитетот ги подготвуваат работните тела во Универзитетот.

**Член 106**

Нацрт-општиот акт, откако ќе го утврди Ректорската управа, се доставува на јавна расправа на факултетите во состав на Универзитетот.

Врз основа на мислењата и предлозите на факултетите од претходниот став, соодветно тело на Универзитетот подготвува предлог на општиот акт кој го утврдува Ректорската управа.

Предлогот на општиот акт се доставува до основачот и Универзитетскиот сенат за усвојување, односно до Ректорската управа кога за донесување на општиот акт е надлежна Ректорската управа.

**Член 107**

Измените и дополнувањата на општите акти се вршат на начинот и постапката по кои се донесуваат.

**Член 108**

Општите акти на Универзитетот се објавуваат во билтенот на Универзитетот.

## 5. Овластено лице за прием на пријави на корупција

**Член 109**

Заради ефикасно спречување и заштита од корупција, Сенатот избира овластено лице за прием на пријави на корупција (Овластено лице).

Овластеното лице се избира од редот на редовните професори за временски период од три години, со право на уште еден избор.

**Член 110**

Овластеното лице ги прима пријавите за корупција во писмена форма или усно. Доколку пријавате е усна, овластеното лице составува записник.

Пријавувачот е должен да достави соодветни докази за коруптивното однесување на пријавениот.

**Член 111**

Овластеното лице е должно, со внимание, да постапи по пријавата, водејќи сметка за достонството на пријавувачот и пријавениот. Овластеното лице внимава на презумпцијата на невиност на пријавениот.

**Член 112**

По приемот на пријавата Овластеното лице најпрво внимателно ги анализира приложените докази и ги сослушува предложените сведоци. Доколу смета дека е потребно, Овластеното лице може да прибави и други докази и да сослуша и други сведоци.

**Член 113**

По анализата на доказите и сослушувањето на сведоците, Овластеното лице ќе изврши разговор со пријавениот, предочувајќи му ги сите докази и изјави кои одат во прилог на пријавувачот.

Овластеното лице нема да го открие идентитетот на пријавувачот, доколку тој не е анонимен.

Доколку пријавувачот се согласи, Овластеното лице може да ги соочи пријавувачот и пријавениот.

**Член 114**

По анализата на доказите и изјавите на сведоците и по извршениот разговор со пријавениот, доколку Овластеното лице е уверено дека постојат елементи на корупција или коруптивно однесување, за тоа ќе го извести ректорот и директорот, со предлог за формирање на комисија за утврдување на дисциплинска одговорност на пријавениот, согласно Законот за работните односи.

Доколку се утврди дека постои основано сомнение за сторено кривично дело, ректорот е должен за тоа да ги извести основачот и директорот и да поднесе соодветна пријава до надлежните државни органи за кривичен прогон.

**Член 115**

Овластеното лице е должно во рок од 15 дена од приемот на пријавата да го извести пријавувачот, доколку тој не е анонимен, за преземените активност во врска со неговата пријава.

Овластеното лице поднесува извештај за својата работа до Сенатот, најмалку двапати во текот на една календарска година.

## X. СТРУЧНА СЛУЖБА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 116**

За вршење на стручни и стручно-административни и помошни работи, Универзитетот формира стручна служба.

Како стручни, стручно-административни и помошни работи во смисла на претходниот член се сметаат особено работите на подготвувањето и обработувањето на материјалите од правно-стручна природа, работите на службите за студентски прашања; работите на компјутерската мрежа, на информативниот и на библиотечниот систем на Универзитетот, издавачката дејност, другите административни работи (примање и испраќање на поштата, деловен протокол, стенографски, дактилографски, архивски и слични работи), општите работи, како и други работи што според својата природа спаѓаат во овие видови работи.

Внатрешната организација односи и работењето на стручно- административната служба се уредува со со правилникот за внатрешна организација и работа и правилникот за систематизација на работните места и со овој статут.

**Член 117**

Со работата на стручната служба раководи генералниот секретар на Универзитетот.

Генералниот секретар на Универзитетот има права и должности утврдени со закон, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот.

**Член 118**

Генералниот секретар на Универзитетотго избира сенатот на предлог од ректорот,.

**Член 119**

За генерален секретар може да биде избрано лице со завршен правен факултет и најмалку 5 години работно искуство во струката, по дипломирањето, и кое исполнува други услови согласно закон.

**Член 120**

Генералниот секретар на Универзитетот:

1. се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на Ректорската управа и Универзитетскиот сенат, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи;

2. се грижи за исполнување и извршување на обврските на Универзитетот во соработката со соодветните државни и општински органи и тела надлежни за работите на образованието и науката;

3. се грижи во рамките на своите овластувања, за остварување на соработката на Универзитетот со универзитетите и други лица во земјата и во странство;

4. се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Стручната служба и со стручниот колегиум;

5. го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Универзитетот и го известува за тоа основачот, Сенатот, ректорот, Ректорската управа и директорот.

**Член 121**

Генералниот секретар е самостоен во работата од својот делокруг и во вршењето на своите права, должности и одговорности е одговорен пред основачот на Универзитетот, ректорот и Ректорската управа.

**Член 122**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите на Стручната служба и за раководењето со Стручната служба се утврдуваат со Правилникот со правилникот за внатрешна организација и работа и правилникот за систематизација на работните места.

## XI. ЦЕНТАР ЗА КАРИЕРА И АЛУМНИ

**Член 123**

За кариерно советување и кариерен развој на вработените на универзитетот и на студентити, градење и зацврстување на односите со алумните на Универзитетот и организирање на практична настава за студентите за подготовка на стручен кадар кој ќе применува современи иновативни техники и технологии во наставата, Универзитетот формира Центар за кариера и алумни.

Центарот за кариера и алумни работи врз основа на годишна програма за работа.

Раководителот на Центарот за својата работа е одговорен пред Ректорот на Унививерзитетот и основачот.

Програмата за работа на Центарот, еднаш годишно ја подготвува раководителот на Центарот и ја доставува до Ректорот и Основачот на на Универзитетот на одобрување.

Стручни, стручно-административни и помошни работи за потребите на Центарот врши Стручната служба на Универзитетот.

**Член 124**

Центаротза кариераи алумнигиi вршиследните активности:

1. Кариерно советување и кариерен развој на вработените на универзитетот и на студентите, а особено: кариерно советување, обуки за кариерни советници, организира саем за кариера, подготвува и спроведува туторска програма, учествува во спроведување на кампањи за стипендирање на средношколци и матуранти, помага при организација и изведување на практична работа, организира и спороведува обуки и тренинзи во областа на личен раст и развој и кариерен развој, помага при трансферирање на други универзитети, ги прифаќа и интегрира странските студенти и ги насочува, соработува со компании заради извршување пракса и дава препораки за вработување, развива иницијативност на поединци, соработува со алумни асоцијацијата заради организирање на саем на вработување, активности за вмрежување со други кариерни центри на универзитетите и средните училишта, организирана обуки за професионална ориентација и кариерно насочување на идни студенти, организира на менторска работа од страна на студентите за други студенти, ангажирана студентипрактиканти, спроведува тестирање во разни области заради кариерно насочување, развива индивидуален план за кариера на секој студент, развива заеднички проекти со компаниите за кариерен развој и помага при спроведување, активности за талент менаџмент(градација на квалитет, мотивација и поддршка на развојот на квалитетот);

2. Активности за градење и зацврстување на односите со алумните на Универзитетот, институции, студенти, дипломци, вработени лица и поддржувачите, а особено: воспоставуваи одржува мрежи помеѓу алумните и алумни и Универзитетот заради трансфер на знаење, вработливост и воспоставување на врски со стопанскиот

сектор, развива методи и води комуникација со клучпните заинтересирани страни, воспоставува и и води база на податоци за алумни, одржува контакти со алумните, утврдува можности за надградување тренинзи, работилници, семинари, постдипломски студии итн; обезбедува бенефиции и услуги кои ќе им помогнат на алумните да одржат врска со својата образовна институција и останатите дипломци, развива протоколи за следење на алумнитеод моментот на дипломирањето до нивното вработување и напредување во кариерата, помага во промоцијата на Универзитетот на потенцијалните нови студенти, води сметка за одржување на врската помеѓу универзитетот и алумните, подготвува и води програми и настани за алумните;

3. Активности за доживотно учење, а особено: создава база на обуки, предавања, семинари и други форми на тренинг и курсови во рамки на програмата за доживотно учење, врши анализа на потребите на пазарот и подготвува и спроведува проекти за доживотно учење, подготовка на курсови за дополнување на неформалното и иформално образование за стекнување на знаењето, вештините и компетенциите, организира курсови за адекватна и интензивна надградба на знаење компетенции и вештини во процесот на доживотно учење и образование на возрасни, воспоставува и одржува активна соработка со бизнис секторот за изработка на стратегии и анализи; ја спроведува административно- техничката работа за потребите на мобилност, подготвува и води програми и настани за доживотно учење.

Центарот за кариера и алумни ги врши и следните активности:

4. создава и води база на податоци за извор на финансирање на Универзитетот од донации , води сметка за роковите за поднесување на пријава за учество за проекти

5. создава и води база на податоци за партнер институции за потребите на доживотно учење, алумни и кариерен развој

6. тесно соработува со сите центри/асоцијации и тимови во врска со дејноста

7. креира веб портал за објавување на податоците и дејноста, практиканска работа, саем на вработување, обуки во рамки на доживотно учење, вмрежување и настани за алумни и други активности

8. креира софтверски решенија

9. дизајнира и подготовува промотивни материјали за потребите на доживотно учење, алумни и кариерен развој и други активности.

За вршење на активностите од став 1 и став 2 од овој член, како и за работата на работните групи, раководителот на Центарот подготвува полугодишен и годишен извештај за работа и го доставува до ректорот и основачот на Универзитетот на усвојување.

**Член 125**

Центарот за кариера и развој формира работни групи од претставници од технички факултети,стопански комори и претставници од Агенцијата за странски директни инвестиции заради утврдување на потребите од кадар на пазарот на трудот и за статусот на побарувачката и понудата на работна сила.

## XII. УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА

**Член 126**

Библиотеката на Универзитетот се грижи за обезбедување нанаучната и стручната литература од научните области застапени на Универзитетот и за овозможување на нејзино користење од страна на вработените на Универзитетот, студентите на прв и втор циклус и докторантите.

**Член 127**

Право на користење на библиотечниот фонд имаат вработените на Универзитетот, студентите на прв и втор циклус и докторантите.

**Член 128**

Заради унапредување на дејноста на Библиотеката, особено заради рационална набавка на научна и стручна литература, книги и списанија, Сенатот на Универзитетот формира Одбор на Библиотеката од три члена.

**Член 129**

Организацијата и извршувањето на задачите на Библиотеката се регулираат со правилник донесен од Сенатот.

## XIII. ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

**Член 130**

Издавачката дејност на Универзитетот се уредува врз основа на годишни и долгорочни издавачки планови кои ги донесува Ректорската управа, засновани на правилата утврдени со посебен акт за издавачка дејност.

**Член 131**

Издавачката дејност на Универзитетот се остварува преку издавање учебници, учебни помагала, монографии, годишници, списанија, зборници, гласила и друга литература.

## XIV. САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 132**

За процена на квалитетот, академскиот кадар и студиските програми за прв и втор циклус, како и на докторски студии, се спроведува систем на самоевалуација.

**Член 133**

Самоевалуацијата на Универзитетот ја спроведува Комисијата за самоевалуација на Универзитетот..

Членовите на Комисијата за евалуација ги избира, Универзитетскиот сенат, и тоа по еден претставник од секој факултет и двајца од редот на студентите. По правило, претставниците на факултетите се претседатели на факултетските комисии за самоевалуација. Членови на комисијата неможат да бидат членови на Сенатот.

Мандатот на членовите на Комисијата од редот на наставниците и соработниците трае четири години, а од редот на студентите две години.

При изборот на членовите на Комисијата се настојува да се обезбеди соодветна застапеност на разни наставно - научни области на Универзитетот.

**Член 134**

Самоевалуацијата на Универзитетот се врши според условите утврдени со овој Статут и според Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на универзитетот и неговите единици во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува Националниот совет за високо образование.

**Член 135**

Комисијата за самоевалуацијата на Универзитетот може да формира посебни стручни тимови за согледување на прашањата кои се предмет на оценка за одделни наставно-научни области, односно факултети.

**Член 136**

Комисијата за самоевалуацијата на Универзитетот изготвува евалуационен извештај, со оценка на состојбата и со предлози за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на наставно-научниот процес и го доставува до Универзитетскиот сенат и до ректорот.

Во својата работа Комисијата за самоевалуацијата на Универзитетот соработува со комисиите за самоевалуација на факултетите.

**Член 137**

Комисијата за самоевалуација на факултетот ја сочинуваат три члена од кои по еден член од редот на наставниците и студентите.

Доколку на факултетот нема избрано лица во соработничко звање или асистент-докторант, Комисијата ја сочинуваат двајца наставници и еден студент.

Членовите на комисијата за самоевалуација на факултетот ја избира Наставно – научниот совет на факултетот.

Самоевалуацијата се спроведува во интервали најмалку 3 години.

За извшената самоевалуација Комисијата подготвува Извештај, кој го доставува на усвојување до Сенатот на Универзитетот и до основачот.

Извештајот од спроведената самоевалуација кој е усвоен од Сенатот се објавува јавно, на веб страницата на Универзитетот.

Оценката од страна на студентите се добива на крајот на секоја учебна година и истата се зема предвид при напредувањето на наставникот во наставно-научни звања.

Оценката се добива по пат на анкета на студентите, која се спроведува во постапка утврдена во Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на универзитетот и неговите единици

## XV. ЧЛЕНСТВО ВО РЕКТОРСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА

**Член 138**

Универзитетот е член на ректорската конференција на приватните универзитети и на ректорската конференција на Република Северна Македонија.

**Член 139**

Претставници на Универзитетот воректорската конференција на приватните универзитети и на ректорската конференција на Република Северна Македонија се: ректорот, претседателот на студентскот парламентнаУниверзитетот и соодветен број членови од редот на наставно-научните работници избрани од Сенатот.

**Член 140**

Бројот на избраните членови се определува според вкупниот број на редовни студенти прв пат запишани на студиска година на Универзитетот.

## XV. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТИТЕ

**Член 141**

Органи на Факултетите се:

1.Наставно-научен совет, односно Наставно-научен и уметнички совет (во понатамошниот текст „Совет“);

2.Декан

### 1. Наставно-научен, научен односно наставно-научен уметнички совет

### 1.1. Состав

**Член 142**

Советот е орган на управување и стручен орган на факултетите во состав на Универзитетот.

Совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори и доцентите кои се во работен однос на факултетот.

Во Советот најмалку 10% но не повеќе од 15% од вкупниот број на членови на Совет избира факултетското студентско собрание на факултетот со мандат од една година.

### 1.2. Надлежност на Советот

**Член 143**

Советот како стручен орган:

1. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
2. донесува програма за научно - истражувачка дејност;
3. му предлага на Сенатот студиски и предметни програми;
4. избира членови на сенатот (сенатори);
5. избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на сенатот за потврдување;
6. избира и разрешува продекани на факултетот;
7. врши избор во наставно-научни и научни звања, како и во наставно-стручни, уметнички и соработнички звања и демонстратори;
8. формира рецензентски комисии за изготвување реферати за избор во звања;
9. предлага доделување звање професор емеритус;
10. предлага воведување на последипломски и докторски студии;
11. усвојува стручни програми и програми за континуирано и доживотно учење;
12. презема мерки за унапредување на наставната, научно-истражувачката и применувачката дејност;
13. усвојува распоред на часови и наставата за секој семестар согласно глобалниот распоред за настава;
14. доверува настава на поединечни наставници кои не се вработени на Универзитетот;

15. презема мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;

16. избира и разрешува членови на Комисијата за евалуација на факултетот и членови на поткомисиите за евалуација на насоките;

17. формира стручни комисија за признавање на високообразовни квалификации стекнати во земјата и странство;

18. формира факултетска конкурсна комисија за запишување на студенти по објавен конкурс;

19. формира повремени или постојани комисии и други работни тела за одделни прашања од својата надлежност;

20. предлага организирање на домашни и меѓународни собири, конференции, симпозиуми, советувања и слично;

21. иницира меѓународна соработка;

22. зазема став за наставно-научни и за стручни престои во странство, по предходно одобрение од основачот и од ректорот на Универзитетот;

23. ги разгледува и одлучува за рецензии на ракописи, наставно научни помагала и други трудови;

24. предлага вработување на наставно - научни работници и соработници;

25. предлага формирање на организациони единици во седиштето и надвор од седиштето на факултетот;

26. врши и други работи утврдени со закон и Статут.

### 1.3. Одлучување на Советот

**Член 144**

Советот одлучува полноважно, доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

Членовите на Советот се должни да присуствуваат на седниците на наставно научниот совет. По исклучок, членот на совет може оправдано да отсуствува од седницата на советот, доколку го најави отсуство и причините за отсуство до деканот на факултетот и за тоа добие одобрување.

На седниците на Советот на соодветниот факултет можат да присуствуваат, без право на глас, наставниците од другите факултети во состав на Универзитетот, кои покриваат настава на тој факултет во тековниот семестар.

При гласањето за изборот во наставно-научни звања не учествуваат претставниците на студентите.

Совет може да врши избор во звања доколку на седницата се присутни две третини од вкупниот број од членовите на советот, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласале мнозинството од присутните.

За утврдување на предлог Статут, за избор и разрешување на продекани, за утврдување студиски и предметни програми и за избор во звања Советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови.

**Член 145**

Седниците на Советот ги подготвува, свикува и со нив раководи деканот на факултетот.

Во случај на отсуство и спреченост на деканот, седниците ги подготвува, свикува и со нив раководи еден од продеканите или член на Советот кој ќе го овласти деканот.

Деканот е должен да свика седница на Советот на барање од 1/3 од неговите членови, како и на предлог од основачот, Сенатот или ректорот.

Ако деканот не закаже седница по поднесеното барање од претходниот став ворок од 3 дена, седницата ја свикува и со неа раководи ректорот.

Ректорот свикува и раководи со итни и неодложни седници на Советот, доколку деканот е отсутен или е спречен за работа.

Ректорската управа одлучува за итноста и неодложноста на седница на Советот, како и за спреченоста за работа на деканот.

Седницата на Советот, по правило, треба да се закаже и материјалите по точките на дневниот ред да се достават на членовите и на другите учесници, во рок од 3 дена пред одржувањето.

Дневниот ред на седницата на Совет се утврдува на почетокот на седницата.

**Член 146**

Текот на седницата на Советот,прифатените ставови и донесените одлуки се регистрираат во записник.

Деканот, односно претседавачот на седницата ги формулира одлуките и заклучоците пред да се пристапи на гласање за нивно усвојување.

Записникот од седницата на Советот, по правило, се усвојува како прва точка на дневниот ред на наредната седница и го потпишува деканот или претседавачот на седницата.

**Член 147**

За избор и разрешување на декан, продекан и за избор на сенатори, Советот одлучува со тајно гласање.

За одредени прашања од член 143 за кои не е предвиденто тајно гласање, Советот може да одлучи да се спроведе тајно гласање.

## 2. Декан

**Член 148**

Деканот на факултетот, е раководен орган кој го претставува факултетот, во земјата и странство во согласност со овој статут.

Факултетите може да имаат продекани.

Вршењето на функцијата декан и продекан е неспоива со вршење на друга државна функција или функција во политичка партија.

### 2.1. Надлежности на декан

**Член 149**

Деканот во рамките на вршењето на раководната функција:

1.ги извршува одлуките и заклучоците на Совет на факултетот, Сенатот, ректорот и Ректорската управа на Универзитетот;

2. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, научно - истражувачката и применувачката дејност;

3. ги свикува седниците на Советот, го утврдува дневниот ред и претседава со седниците;

4. предлага кандидати за продекани на факултетот;

5. на Советот му поднесува предлози на одлуки, општи акти и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;

6. иницира распишување конкурс за избор во звања, согласно законот;

7. ги промовира дипломираните студенти;

8. иницира соработка со сродни установи во земјата и странство;

9. определува предмети и часови на настава на поединечни наставници, согласно закон;

10. определува настава,часови на настава и наставници за стручно образование, професионално усовршување, континуирано и доживотно учење;

11. определува наставници по предмети надлежни за спроведување на постапката за признавање на високообразовни квалификации стекнати во земјата и странство;

12. врши и други задачи согласно со закон, овој Статут и со општите акти на Универзитетот.

Деканот е должен, најмалку еднаш годишно до Наставно-научниот совет да поднесува извештај за својата работа и работата на факултетот.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на факултетот и има право и должност да го запре извршувањето на општ акт за кој смета дека е спротивен на законите и на овој Статут и да го информира ректорот на Универзитетот кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски деканот може да ги овласти продеканите.

**2.2. Избор и разрешување на декан**

**Член 150**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори, а доколку нема редовни или вонредни професори и од редот на доцентите, за време од тригодини, со право на уште еден избор.

**Член 151**

Наставно-научниот совет избира декан на факултетот и му ја доставува одлуката за избор на сенатот за потврдување.

**Член 152**

Гласањето за избор на декан се реализира најдоцна во рок од седум дена од денот на доставувањето на предлогот.

За да се реализира гласањето за избор на декан потребно е на седницата на наставно-научниот, научниот или наставниот совет да присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на советот.

За избран се смета кандидатот кој ќе добие мнозинство гласови од присутните членови на наставно-научниот, научниот или наставниот совет.

**Член 153**

Најпрво се гласа за првиот кандидат.

Доколку првиот кандидат го дибие потребното мнозинство, тој се промовира за декан, без да се гласа за следните кандидати.

Доколку првиот кандидат не го добие потребното мнозинство се гласа за вториот кандидат итн.

**Член 154**

Доколку никој од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство за избор за декан, постапката се повторува.

**Член 155**

За вршење на дел од правата и обврските деканот може да овласти продекан.

Продеканите ги избира наставно-научниот, научниот или наставниот совет, по предлог од деканот.

Пред да го достави предлогот за продекани, деканот задолжително се консултира со ректорот.

**Член 156**

За гласањето за избор на продекани согласно се применуваат одредбите од член 153 и член 154 на овој Статут.

**Член 157**

Мандатот на декант престанува пред истекот на периодот за кој е избран, во еден од следните случаи:

1. поднесе оставка од функцијата за којашто е избран,
2. настане трајна спреченост за вршење на функцијата
3. ако биде разрешен од страна на наставно- научниот совет на универзитетот,
4. ако сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од страна на ректорот.

**Член 158**

Деканот може да биде разрешен од должноста ако:

1. работи спротивно на генералната политика на Универзитетот, утврдена од страна на основачот;

2. не се залага за развој на факултетот;

3. работи спротивно на Законот за високото образование, овој статут и другите општи акти на Универзитетот;

4. со своето однесување и делување го нарушува угледот на Универзитетот и неговите органи и тела, факултетот и неговите органи и тела, вработените и студентите.

**Член 159**

Иницијатива за разрешување на деканот може да поднесат најмалку 1/3 од членовите на советот или ректорот.

За иницијативата одлучува Советот на основачот.

Доколку Советот на основачот утврди дека иницијативата е основана, предлага разрешување на деканот.

Советот на основачот може да предложи разрешување на деканот и без иницијатива од субјектите од став 1 на овој член.

За да биде разрешен деканот потребно е за тоа да гласаат повеќе од половината од вкупниот број членови на советот.

**Член 160**

Субјектите од член 159, став 1 од овој статут можат да поднесат иницијатива за разрешување на декан само еднаш во текот на една академска година.

Советот на основачот може да предлага гласање за недоверба на декан во секое време, неограничен број пати.

**Член 161**

Новоизбраниот декан стапува на функцијата првиот нареден ден по престанокот на функцијана на претходниот декан.

Доколку на претходниот декан му престанала функцијата пред изборот на новиот декан, новиот декан стапува на функцијата со денот на изборот.

**Член 162**

Во периодот од престанувањето на функцијата на претходниот декан до избор на нов декан, должноста декан ја врши лице назначено од ректорот.

Лицето од претходниот став на овој член не може да ја врши должноста декан подолго од 6 месеци.

Во периодот од престанувањето на функцијата на претходниот декан до избор на нов декан, седниците на наставно-научниот, научниот или наставниот совет може да ги свикува и со нив да раководи ректорот или еден од проректорите, назначен од ректорот.

## XVII. ОРГАНИ НА НАУЧНИТЕ ИНСТИТУТИ

**Член 163**

Органи на научните институтите се:

1. Совет на научниот институт и
2. Директор на научниот институт.

### 1. Совет на научниот инетитут

**Член 164**

Советот на научниот институт е стручен орган на научниот институт, во состав на Универзитетот.

Советот на научниот институт го сочинуваат сите научни соработници, виши научни соработници и научни советници.

Советот на научниот институт може да заседава и полноправно да одлучува ако на седницата се присутни повеќе од половината членови на Советот на научниот институт, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 165**

Советот на научниот институт:

1. донесува четиригодишна и повеќегодишна програма за развој и годишна програма за работа;
2. донесува годишна програма за научно истражувачка дејност по претходно одобрување од ректорот на универзитетот и основачот;

3. му предлага на Сенатот на Универзитетот студиски и предметни програми за основање на студии од втор и трет циклус;

4. избира и разрешува директор на научниот институт на предлог на основачот;

5. врши избор и реизбор во научни и соработнички звања;

6. предлага пријавување на научно-истражувачки проекти и и издавање на научни трудови;

7. усвојува извештаи за реализација на научно-истражувачки проекти;

8. предлага и учествува во организирањето на научни собири, симпозиуми, семинари и слично;

9. предлага набавка на нучна литература и опрема;

10. предлага меѓународна научна соработка;

11. врши други работи за остварување на дејноста на нучниот институт и за остварување на улогата и задачите на Универзитетот.

**2. Директор на научниот институт**

**Член 166**

Директорот на научен институт е раководен орган на институтот, кој го застапува и претставува институтот, врз основа на посебно пренесено овластување од ректорот на Универзитетот, во согласност со овој статут.

Вршењето на функцијата директор на научен институт е неспоива со вршење на државна функција или функција во политичка партија.

**Член 167**

Директорот на институтот се избира од редот на научните советници и вишите научни соработници, а доколку такви нема, од рдот на научните соработници, односно од лицата избрани во наставно-научни звања еквиовалентни на научните звања.

Директорот на научниот институт го избира ректорот, по претходен предлог од страна на Советот на основачот.

Директорот на научниот институт се избира за временски период од четири години, со право на уште еден избор.

**Член 168**

Директорот на научниот институт:

1. ја предлага програмата за работа и развој и презема мерки за нејзино спроведување;

2. ги извршува одлуките и заклучоците на советот на научниот институт, сенатот и ректорот на Универзитетот;

3. ги свикува седниците на советот на научниот институт, го утврдува дневниот ред во согласност со ректорот на Универзитетот и претседава со седниците;

4. иницира распишување конкурс за избор на лица во научни и соработнички звања;

5. иницира соработка со сродни установи во земјата и странство;

6. врши други работи согласно законот, овој статут и другите општи акти на Универзитетот.

## XVIII. ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 1. Општи одредби

**Член 169**

На Универзитетот се организираат студии во три циклуси, врз основа на акредитирани студиски програми и според правилата за студирање засновани на европскиот систем за трансфер и акумулација на кредити (ЕКТС).

### 2. Достапност на високото образование на Универзитетот

**Член 170**

Пристап до студиските програми, под еднакви услови, имаат сите кандидати за упис на студии, без оглед на нивниот јазик, националност, пол, вера, политичка припадност, социјално потекло, возраст или сексуална ориентација.

### 3. Видови студии

**Член 171**

Високото образование се остварува преку реализација на академски и стручни студии врз основа на акредитирани студиски програми.

Академските студии ги оспособуваат студентите за вршење на дејности во науката и високото образование, во деловниот свет, во јавниот сектор и општеството во целост преку оспособување за развој и примена на научните и стручните достигања.

Стручните студии им даваат на студентите знаења и вештини кои им овозможуваат вршење на стручни занимања и ги оспособуваат за непосредно вклучување во работниот процес.

По завршувањето на академските студии се издава диплома со која се потврдува завршувањето на студиите и стекнувањето на одреден академски назив.

По завршувањето на стручните студии се издава диплома со која се потврдува завршувањето на студиите и стекнувањето на одреден стручен назив.

### 4. Редовни и вонредни студии

**Член 172**

Студиите од прв и втор циклус се организираат како редовни студии.

Кога тоа го овозможува студиската програма, студиите од став 1 на овој член може да се организираат и како вонредни студии.

На вонредни студии може да се запише лице кое има засновано редовен работен однос или поради здравствени причини не е во можност редовно да ја следи наставата.

Поблиски одредби за статусот на вонреден студент се предвидени со Правилникот за примена на ЕКТС донесен од страна на Сенатот на Универзитетот.

### 5. Јазици на кои се изведува наставата

**Член173**

Наставата на факултетите во состав на Универзитетот се изведува на македонски јазик, албански јазик, турски јазик и англиски јазикили други светски јазици.

На Факултетот за применети странски јазици, во рамките на одделните катедри, настава се изведува на македонски јазик и на јазиците кои се изучуваат на соодветната катедра.

**Член174**

Припадниците на заедниците заради изразување, негување и развивање на својот идентитет и другите особености, имаат право наставата по соодветните студиски програми и содржини, да ја изведуваат на јазикот на заедницата, различен од македонскиот јазик, во согласност со Законот за високото образование.

Кога наставата на факултетот се изведува на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија или на светките јазици, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет и наставата се изведува на македонски јазик најмалку уште по два наставни предмети од студиската програма.

**6. Почеток и завршеток на студиска година**

**Член175**

Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри (зимски и летен) или на три семестри, со можност наставата да се остварува во циклуси.

Пред почеток на секоја студиска година, Ректорската управа на Универзитетот усвојува глобален годишен календар со утврден термин на почеток и завршување на одделните семестри, утврдени подготвителни седмици, како и термини во чии рамки ќе се организира полагање на колоквиуми и испити.

**Член 176**

Студиските програми на факултетите на студиите од првиот циклус содржат најмалку 20, а најмногу 30 часови предавања, вежби и семинари неделно во рамките на 30 недели годишно.

На предлог на Советот на факултетот, Сенатот може да усвои одлука со која ќе се предвиди во определен временски период отстапување од фондот на часови предвиден во став 1 на овој член.

За студентите на првиот циклус во тек на учебната година, по потреба, се организираат работно - едукативни семинари, научни екскурзии, изработка на проектни задачи и слични активности,кои се спроведуваат според однапред утврдена програма.

**7. Конкурс за запишување на студии**

**Член 177**

Ректорската управа најмалку пет месеци пред започнување на наставата, на својата веб страница, објавува јавен конкурс за запишување на студии.

Конкурсот содржи:

- име на високообразовната установа и негова адреса,
- назив на студиската програма,
- место на изведување на студиската програма,
- времетраење на студиите,
- услови за запишување,
- предвиден број на слободни места за запишување,
- постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите,
- висината на партиципацијата или школарината, доколку студентот е должен да ги плати.

Странски државјани, со примена на начелото на взаемност, се запишуваат на студии под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија.

Странски државјани, без примена на начелото на взаемност, се запишуваат на студии согласно Правилникот за запишување на студии исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија.

Рангирањето на пријавените кандидати за запишување на студенти го врши конкурсната комисија на Универзитетот во координација со конкурсните комисии на факултетите.

## 8. Запишување на лица кои не завршиле еднакво образование во странство

### Член 178

Право на запишување на трите циклуси на студии имаат и лица кои не завршиле еднакво образование во странство.

За секој кандидат посебно, соодветна комисија на Универзитетот, ја утврдува исполнетоста на условите за запишување, односно, ја утврдува подобноста на стекнатото образование во странство за продолжување на образованието.

## 9. Програми за стручно и професионално усовршување

### Член 179

Поаѓајќи од концептот за доживотно учење, Универзитетот ги следи потребите и интересите за стручно и професионално усовршување, утврдува и реализира специјални програми.

Активностите од претходниот став не претставуваат студии според Законот за високо образование, а се организираат заради усовршување, осовремување, дополнување и продлабочување на знаењата нужни во професионалните активности.

Учесниците во формите на стручно односно професионално усовршување немаат статут на студенти.

На кандидатите што ја завршиле програмата за стручно, односно професионално усовршување, Универзитетот им издава уверение односно сертификат.
Критериумите, стандардите ипостапката за спроведување на програмите за за стручно и професиоално усовршување се уредуваат со посебен акт.

## 10. Доживотно учење

### Член 180

Универзитетот организира програми за доживотно учење, врз основа на иновативни методи и инструменти за подучување и учење, при што се користи просторот и опремата на Универзитетот

Доживотното учење овозможува стекнување на формална универзитетска диплома, надополнување или освежување на предходно стекнатото знаење од одредена област или стекнување потврда за успешно завршени почетни или континуирани специфични програми за обука.

Доживотното учење ги има следниве цели:

- добивање сертификат за успешно завршување на специфични програми за обука (почетни и континуирани) или

- надополнување или освежување на компетенциите од одредена област, наменето за поранешни студенти.

Програмите за доживотно учење, коишто имаат за цел стекнување на формална универзитетска диплома, не можат да бидат алтернатива на соодветните редовни универзитетски програми. Системот за оценување на програмите за доживотно учење, исто така се засновани на ЕКТС кредити.

Претходното учење, формално и неформално, се признава од страна на Универзитетот и на овие студенти им се доделуваат соодветен број ЕКТС кредити, кои ќе им послужат или како основа за запишување на универзитетска програма (редовна или доживотна) или како елемент во рамките на овие програми. Критериумите, стандардите ипостапката за спроведување на програмите за доживотно учење се уредуваат со посебен акт.

**11. Далечинско учење**

**Член 181**

Студиите можат да се организираат и преку систем на далечинско учење.

Планот за организирање на студии по далечински пат, врз основа на предлог на факултетот кој е носител на студиската програма, го усвојува Сенатот по предходно мислење на Ректорската управа.

**12. Стручно образование покусо од три години**

**Член 182**

За стекнување на стручни знаења и обука Универзитетот може да организира стручно образование и обукаво траење и покусо од три години.

За стекнатите стручни знаења и обука на кандидатите им се издава уверение или сертификат.

На лицето кое се стекнало со уверение или сертификат со кое се потврдува стручното знаење и обука, стекнатите стручни знаења и обука му се изразуваат во ЕКТС кредити и се признаваат како дел од високообразовна студиска програма.

На лицето кое се стекнало со уверение или сертификат со кое се потврдува стручното знаење и обука според програма која е дел од акредитираната студиска програма од прв циклус на високообразовни стручни студии може стекнатото стручно знаење и обука изразено во кредити да му биде признато како дел од високообразовната студиска програма.

Стекнатите кредити се внесуваат во издаденото уверение односно сертификат од став 2 на овој член.

Лицето кое се стекнало со стручно знаење и со кредити согласностав 3 од овој член и има знаење стекнато од други форми на учење кое е евалуирано од соодветниот

факултет на Универзитетот, може да ги продолжи студиите според студиската програма соодветна на стекнатите кредити и евалуираното знаење, според условите утврдени во правилата на Универзитетот за соодветниот циклус на универзитетските студии.

**13. Студиска програма за заедничка диплома и двојна диплома**

**Член 183**

Факултет во рамките на Универзитетот односно Универзитетот заедно со еден или повеќе соодветни факултети, односно Универзитети од Република Северна Македонија или од странски држави, можат заеднички да утврдат и реализираат студиска програма за стекнување на заедничка диплома или двојна диплома.

Студиската програма од претходниот став и нејзината реализација се утврдува со договор помеѓу учесниците.

Со договорот од претходниот став се утврдува и формата и содржината на заедничката диплома односно двојната диплома и прилозите кон неа.

Овие студиски програми можат да се реализираат на Универзитетот по добивање на акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование.

Заедничката диплома односно двојната диплома е јавен документ. Содржината и формата на заедничката диплома, како и прилозите кон дипломата ги определуваат Универзитетот, во согласност со закон.

**14. Вреднување на студиските програми со кредити според ЕКТС**

**Член 184**

Студиските програми нафакултетитесевреднуваатсокредитиспоред ЕКТС. Секоја година на студиската програма содржи 60 кредити.

Студиските програми од првиот циклус содржат од 180 до 240 ЕКТС. Овие студии траат три, односно четири години и се вреднуваат како стручни, односно академски студиски програми.

На факултетите во состав на Универзитетот се организираат студии од втор циклус според студиски програми кои содржат 60 плус 60 ЕКТС кредити и траат две години. По завршување на првата година овие студии се вреднуваат како специјалистички, а по завршување на втората година како магистерски студии.

На факултетите во состав на Универзитетот се организираат и студии од втор циклус според студиски програми кои содржат 60 ЕКТС кредити и траат една година. Овие студии се вреднуваат како магистерски студии.

Студиските програми од трет циклус кои траат три години може да содржат 180 кредити или да бидат вреднувани соодветно на карактерот на студиите од трет степен и заедно со 300кредити стекнати на првиот и вториот циклус на студии се вреднуваат како докторски студии.

Студиските програми за усовршување по завршување на првиот или вториот циклус на студии содржат најмалку 10, а најмногу 60 кредити.

**15. Пренесување на кредити**

**Член 185**

Со посебен акт на Универзитетот се регулира пренесувањето на кредити и условите за пренесувањето на кредити и условите за преминување од една на друга

иста, слична или различна студиска програма во рамките на Универзитетот, какои од друг универзитет или самостојна високообразовна установа.
Пренесување на кредити и условите за преминување можат да бидат регулирани и со договор склучен со друга високообразовна институција.

## XIX. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

### Член 186

Научно-истражувачката работа е основно право и обврска на наставниците и соработниците, утврдено со овој статут и со други општи акти на Универзитетот.

На Универзитетот се остварува научно-истражувачка дејност, со цел да се развива науката и креативноста, унапредување на дејноста на високото образование преку унапредување на квалитетот на високото образование, усовршување на научниот подмладок, воведување на студентите во научно-истражувачката работа, како и создавање на материјални услови за работа и развој на Универзитетот.

На Универзитетот се организира и врши научно-истражувачка работаб низ основни, применети и развојни истражувања, согласно Законот.

### Член 187

Научно-истражувачката работа на наставниците и соработниците се остварува преку: индивидуални истражувања и креативност, преземање договорни обврски и со ангажман на научно-истражувачки проекти, експертизи и слично.

### Член 188

Сенатот донесува општ акт со кој се уредуваат условите и начинот на договарања на научно-истражувачките проекти, експертизи и слично.

Универзитетот ја поддржува континуираната и професионална (истражувачка и стручна) дејност на членовите на академската заедница од општ интерес како и јавно претставување и објавување на резултатите на таа дејност.

### Член 189

Членовите на академската зедница на Универзитетот во својата научно-истражувачка дејност имаат право на заштита на интелектуалната сопственост и ги имаат сите права кои произлегуваат од таа дејност согласно законот.

Универзитетот и членовите на академската заедница се должни да ги почитуваат правата на интелектуалната сопственост на трети лица.

## XX. НАСТАВНО-НАУЧНИ И НАСТАВНИ ЗВАЊА

### Право на вршење дејност во друга високообразовна установа

### Член 190

Лице од универзитетот може да врши висообразовна односно уметничка дејност на друг универзитет, односно самостојна високообразовна установа во звањето во кое е избрано на иста или сродна научна односно уметничка област, врз основа на согласност од ректорот.
Лицето од став 1 на овој член може да врши високообразовна дејност не повеќе од 100% од обемот утврден со уредбата за нормативите и стандардите.

**4. Визитинг професори**

**Член 191**

По покана од наставно научиот советна факултетотпрофесори од акредитирани високообразовни установи, признати научници и истакнати уметници од земјата и странство, можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научно-истражувачка дејност за определено време, согласно програмата за вклучување на визитинг професори.

Условите под кои се врши дејноста од ставот 1 на овој член се утврдуваат со договор.

**5. Афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници**

**Член 192**

Афирмирани научници, стручњаци од практиката без оглед на исполнетоста на условите утврдени со закон и овој статут за избор во звање, како специјалисти и експерти, по покана, можат да изведуваат настава за одделни делови од наставен предмет, во обем и според условите определени со договорот.

**6. Почесен професор и почесен доктор на науки**

**Член 193**

На истакнат професор од универзитет во Република Северна Македонија и странство, кој дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, на предлог на факултетот, универзитетот може да му се додели звање почесен професор (professor honoris causa).

На истакнати научни, културни, деловни и други лица од земјата и странство, кои со своите дела дале посебен придонес за развојот на научната мисла, културата, или на друг начин придонесле за развојот на високото образование, на предлог на факултетот, Универзитетот може да им додели титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa).

**Член 194**

Предлог за доделување звање почесен професор и титула почесен доктор на науки може да даде основачот и ректорот.

По предлогот, Ректорската управа формира рецензиона комисија која изготвува извештај за предложениот кандидат. Извештајот се објавува во Билтен на Универзитетот.

Врз основа на подготвениот извештај, Ректорската управа дава мислење до Сенатот на Универзитетот кој ја донесува одлуката за доделување звање почесен професор и титула почесен доктор на науки.

**7. Професор емеритус**

**Член 195**

Универзитетот може, на предлог на основачотили на предлог на Наставно-научниот совет на факултет, да му додели звање професор емеритус, на редовен професор во пензија кој посебно се истакнал со својата научна дејност, кој стекнал

меѓународна репутација и постигнал резултати во образувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во област во која е избран.

**Член 196**

По предлогот, Ректорската управа формира рецензиона комисија која изготвува извештај за предложениот кандидат. Извештајот се објавува во Билтен на Универзитетот.

Врз основа на подготвениот извештај, Ректорската управа дава мислење до Сенатот на Универзитетот кој ја донесува одлуката за доделување на звањето професор емеритус.

**8. Престанок на работен однос поради исполнување на услови за старосна пензија**

**Член 197**

На лицето избрано во наставно-научно или наставно звање, кое во текот на учебната година го продолжило договорот за вработување согласно прописите за работните односи, работниот однос му трае до крајот на учебната година во која наполнило 67 години.

Редовен професор во пензија може да изведува настава на студии од трет циклус или да работи на научно-истражувачки проект под условите определени со одлуката за неговиот ангажман.

Редовен професор во пензија, под услови утврдени со Законот за високото образование, може да биде ангажиран во дејноста на универзитетотпод условите определени со одлуката за неговиот ангажман

Обемот на учество од став 2 и 3 од овој член се утврдува со одлуката за неговиот ангажман и со договор склучен меѓу професорот и Универзитетот.

## XXI. СТУДЕНТИ

**1. Статус на студент**

**Член 198**

Статусот студент се стекнува со запишување на прв, втор или трет циклус на студии на Универзитетот.

Со стекнување на статусот студент, лицето станува член на академската заедница.

Статусот студент се докажува со студентска легитимација, ID картичка или индекс.

**2. Права и обврски на студентот**

**Член 199**

Студентот има право на:

1. квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено со студиските програми;

2. слободно искажување на мислење и ставови во текот на наставата и другите активности на високообразовната установа;

3. изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците;

4. редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент;

5. редовно напредување, да се образува и да ги заврши студиите според условите кои важеле при уписот;

6. запишување и образование под еднакви услови утврдени со закон, овој Статут и студиската програма;

7. учество во управувањето со високообраовната установа согласно созакон и Статутот на Универзитетот;

8. заштита на своите права и должности пред органите на факултетот и Универзитетот и заштита на личноста и достоинството на студентот од злоупотреба.

Студентот има право и да:

1. напредува и да ги заврши студиите за пократко време отколку што е предвидено со студиската програма;

2. студира истовремено на повеќе студиски програми од различни специјалности и изучува дополнителни курсеви;

3. ги продолжи студиите на друга високообразовна установа ако вискообразовната установа на која е запишан престане со работа;

4. ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на Универзитетот и неговите единици;

5. учествува во научно-истражувачката и стручната дејност при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди;

6. избира и да биде избиран, како претставник на тудентите во органите на факултетот и Универзитетот;

7. користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здравствена заштита), градски и меѓуградски превоз според услоите утврдени со закон;

8. ги користи универзитетските објекти за спортски и културна дејност;

9. преминува од една на друга високообразовна установа односно од едни на други студии и при тоа да ги користи погодностите на кредит транфер системот;

10. учествува во работата на студентските организации утврдени со овој Статут;

11. му мируваат студиите во случај на болест, подолго отсуство од државата или другипричини;

12. ги продолжи студиите што ги прекинал, под услови определени со овој Статут;

13. користи распуст не помалку од 60 дена во рамките на една календарска година;

14. добива државни или други стипендии или финансиски кредит за издршка за време на школувањето;

15. учествува во соработка со студентите во земјата и странство;

16. остварува и други права согласно со закон и со овој Статут.

**Член 200**

Студентот има обврска да:

1. ги исполнува задачите пропишани во студиските програми,

2. ги почитува одредбите од Законот за високото образование, овој Статут и другите правни акти на внатрешното уредување,

3. се придржува кон решенијата и одлуките на органите на Универзитетот и факултетот,

4. да ги почитува авторските права на авторите на учебниците, монографиите и учебните помагала и

5. да дејствува во согласност со студентскиот етички кодекс кој го подготвува и одобрува универзитетот во согласност со студентското претставување.

Заради заштита на правата на студентите на Универзитетот се избира студенски правобранител.

Надлежноста,изборотиработатанастудентскиотправобранителсеутврдувасоодлукатазаизбор.

**Член 201**

Студентите на сите степени на високо образование кои се без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шест годишна возраст и хоспитализираните може Универзитетот делумно или целосно да ги солободи од уплата на годишната школарина или други финансиски обврски.

Доколку постојат оправдани причини, лицата од претходниот став на овој член може наставата да ја следат и да полагаат испити или колоквиуми на начин и време кои ќе ги договорат со предметниот наставник.

**3. Мирување на статусот студент**

**Член 202**

По барање на студентот можат да му мируваат правата и обврските кои произлегуваат од статусот студент, во следните случаи:

1. за време на бременост;
2. за студент со дете до една годишна старост;
3. поради болест;
4. подолго одсуство од државата
5. за време на меѓународна размена на студентите во траење подолго од 30 дена во текот на одржување на наставата, доколку со наведената размена не се стекнуваат ЕКТС кредити,
6. за време на упатување на стручна пракса во траење од најмалку 6 (шест) месеци;
7. во други случаи за чија оправданост одлучува деканот .

Кон барањето,студентотприложувасоодветнадокументацијасокојадокажува дека постои некоја од наведените причинизаради кои себарамирување на статусот студент.

Поодноснабарањето, решениедонесувадеканотна факултетотнакојстудира студентот.

**4. Паралелно студирање**

**Член 203**

Студентот може да студира на повеќе студиски програми (паралелно студирање), по интердисциплинарни или индивидуални студиски програми на една или повеќе високообразовни установи.

Студентот може да студира паралелно и на повеќе од една студиска програма во рамките на Универзитетот.

Надоместокот за паралелно студирање се уредува со одлука од основачот на Универзитетот.

**5. Премин од едни на други студии**

**Член 204**

Во текот на студиите, студентот може да премине од една на друга студиска програма и од една на друга високообразовна установа, под услови утврдени со студиската програма, односно статутот на високообразовната установа на која студентот преминува.

Постапката за премин од една на друга студиска програма и признавањето на положените испити се регулира со Правилник за примена на ЕКТС системот на студирање.

Студентот кој бил запишан на високообразовна установа која престанала со работа има право да ги продолжи студиите на иста или сродна високообразовна установа под условите утврдени со закон и статутот на високообразовната установа на која ги проодлжува студиите.

## 6. Правила на студирање

### Член 205

Со Правилникот за примена на ЕКТС поблиску се регулираат правилатакои се однесуваат особено на:

1.студентскиот календар;

2. постапките и роковите за запишување;

3. испитниот режим;

4. напредување, инклузивно со услови за побрзо напредување;

5.завршувањенаобразованието;

6.преминувањенадругистудискипрограми;

7.повторувањенагодинатаодносноусловнотонапредување;

8.продолжувањетонастудиитепопрекинувањето;

9.паралелно, интердисциплинарноииндивидуалностудирање;

10.признавањенаиспититеидругитестудискиобврскиположенинаразнивисоко-образовни установи.

Сопосебен правилникнаУниверзитетотќесеуредатипрашањатавоврскасо:

1. видот на докуметите кои му се издаваат на студентот врз основа на евиденцијата определена со закон;

2. постапката за заштитата на правата на студентите;

3. органи, надлежни за водење на постапките и одлучување;

4.дисциплинска одговорност и права и должности на студентите во дисциплинската постапка, и

5. други прашања поврзани со правата и должностите на студентите.

## 7. Престанок на статусот на студент

### Член 206

На студентот му престанува статусот студент на Универзитетот со дипломирањето.

На студентот му престанува статусот студент и пред дипломирањето ако:

- не ги исполнува обврските од Договорот за студирање склучен со Универзитетот при упис на студиите;
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон и статут;
- не го исполни условот за запишување во повисока година во роковите утврдени со правилатазастудирање;
- се испише;
- е исклучен.

Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен, освен ако статусот престанал со трајно исклучување.

Трошоцитезаобновувањенастатусотгиподнесувастудентот.

**8. Дисциплински мерки и дисциплинска комисија**

**Член 207**

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студентот на прв и втор циклус на студии може да му се изрече дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена и исклучување.

Дисциплинската мерка исклучување се применува за учебната година во која е изречена.

Дисциплинските мерки ги изрекува дисциплинска комисија на Универзитетот.

Дисциплинската комисија за ја сочинуваат претседател и четири члена.

Претседателот и три члена на Комисијата ги избира Сенатот на Универзитетот.

Петиот член на Комисијата го делегира студентската организација од факултетот против чиј студент се води дисциплинската постапка.

Од членовите на комисијата кои ги избира Сенатот, два члена се избираат од редот на наставниците,еден член од редот на соработниците, а четвртиот член од редот на студентите на Универзитетот на предлог на студентската организација на Универзитетот.

Член на Дисциплинска комисија од редот на наставниците се избира за претседател, а членот од редот на соработниците за секретар.

**Член 208**

Во текот на студиите, студентите мора да се придржуваат до законот, Статутот на Универзитетот, правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии на Универзитетот, како и на другите акти на Универзитетот и на единиците. Дисциплински мерки

**Член 209**

Постапката за дисциплинска одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на дисциплинска комисија. Повреда на должностите и неисполнување на обврските на студентите претставува секоја повреда на закон, овој Статут,општ или друг акт на Универзитетот, односно единицата, со кои се регулираат правата и обврските на студентите.

**Член 210**

За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студентот може да му се изрече дисциплинска мерка.

**Член 211**

Дисциплинските мерки ги изрекува дисциплинска комисија.

Дисциплинската комисија е составена од 3 (три) члена.

Членовите на дисциплинската комисија ги избира наставно-научниот, односно уметничкиот совет на единицата, а членот од редот на студентите, студентското собрание на единицата.

Претседателот и член на комисијата се избира од редот на наставниците , а 1 (еден) член е претставник од редот на студентите. Членовите имаат свои заменици. Изборот на замениците од редот на наставниците, го врши наставно-научниот,

односно уметничкиот совет на единицата, а заменик-членот од редот на студентите го избира студентското собрание на единицата.

**Член 212**

Како лесни дисциплински повреди се сметаат:

- нарушување на јавниот ред и мир во текот на наставата;
- непристојно однесување спрема наставниците, соработниците или другите вработени, како и спрема студентите;
- регистрирање присуство на друг студент .

Како тешки дисциплински повреди се сметаат:

- користење направи за телефонска и електронска комуникација во текот на испитите;
- препишување или давање каква било помош на друг студент во текот на испитите;
- самоволно регистрирање заради добивање на бодови од активност;
- недозволено носење на опрема за аудио и/или видео фиксирање на авторско дело, вклучувајќи и приклучни мобилни телефони од страна на студентите при изведувањето на предавањата, вежбите и интерактивната настава;
- плагијаторство во форма на поднесување на туѓ семинарски труд или дипломски труд во свое име или друга форма која требало да биде изработена самостојно или во група во свое име;
- физички напад со нанесување на лесна или тешка телесна повреда;
- вербална или реална навреда на наставник или соработник;
- давање на неточни податоци на органите на Универзитетот, односно единицата; - неовластен упад во информатичкиот систем на Универзитетот, односно единицата (веб-страница, електронски досиеја и слично);
- оштетувања на имот на Универзитетот, поради непридржување кон пропишаните правила или безобѕирен однос кон имотот на Универзитетот, како и присвојување на предмети што се во сопственост на Универзитетот и
- повторени лесни дисциплински повреди.

**Член 213**

За сторена дисциплинска повреда, на студентот може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

- опомена;
- јавна опомена и
- исклучување - кое се применува за учебната година во која е изречена.

Со цел индивидуализација во определувањето на дисциплинските мерки, се води сметка за приспособување на изречената мерка според тежината на сторената дисциплинска повреда.

Доколку дисциплинската повреда е сторена во врска со наставата, со изрекувањето на дисциплинската мерка на студентот може да му се забрани полагање на еден или повеќе колоквиуми или испити (во една до три сесии) или повторно запишување. Поведување и тек на дисциплинската постапка

**Член 214**

Студентите одговараат доколку повредата на должностите или неисполнувањето на обврските ги сториле смислено или од невнимание.

Секој наставник, соработник, раководител на Одделот за студентска архива на Универзитетот, советник за студентски досиеја на прв, втор и трет циклус студии или друго вработено лице на Универзитетот има право и должност да поднесе пријава против студент за сторена повреда на студентските обврски.

Пријавата за сторената повреда на студентските обврски се поднесува во писмена форма до деканот на единицата.

Врз основа на поднесената пријава, деканот на единицата поднесува барање за поведување дисциплинска постапка за утврдување на одговорноста на студентот.

Барањето за поведување дисциплинска постапка за утврдување на одговорноста на студентот, се доставува до претседателот на дисциплинската комисија на единицата на Универзитетот.

Претседателот на комисијата е должен да покрене постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на студентот во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на барањето.

**Член 215**

Врз основа на поднесеното писмено барање, комисијата донесува решение за поведување на дисциплинска постапка.

Решението од став 1 на овој член се доставува до: подносителот на барањето за поведување на постапката и студентот против кој се поведува дисциплинската постапка на начин на кој може да се утврди дали и кога е извршено доставувањето, а доколку тоа не е можно, се истакнува на огласната табла на единицата, при што по истекот на рокот од 8 (осум) дена се смета дека доставувањето е правилно извршено.

**Член 216**

По добиеното барање за поведување дисциплинска постапка, претседателот на дисциплинската комисија е должен да закаже седница. Притоа, претседателот може да одлучи единствено на седницата да ги повика само членовите на дисциплинската комисија или да закаже јавна расправа.

Јавната расправа ја отвора и со неа раководи претседателот на дисциплинската комисија.

За закажаната јавна расправа студентот се известува со покана доставена лично или преку жстудентската е-пошта, а доколку истото не е можно, со истакнување на известувањето на огласната табла на единицата, при што по истекот на рок од 8 (осум) дена се смета дека доставувањето е уредно извршено.

При одмерувањето на дисциплинската мерка, комисијата ќе ја земе предвид тежината на повредата, односно неисполнувањето на обврските, големината на штетата, олеснителните и отежнувачки околности и друго.

Пред да се изрече дисциплинската мерка, комисијата, доколку е можно, задолжително го сослушува студентот.

Постапката пред комисијата трае најдолго 1 (еден) месец сметано од денот на поднесувањето на барањето.

**Член 217**

Дисциплинската комисија со одлука може:

- да го отфрли барањето за поведување на постапката поради застареност;
- да го одбие барањето поради недостаток на докази за сторената дисциплинска повреда или
- да изрече дисциплинска мерка.

**Член 218**

Одлуката за изречената дисциплинска мерка се доставува до:
- подносителот на барањето;
- студентот;
- Архивата за студентски досиеја.

**Член 219**

Против одлуката на дисциплинската комисија студентот има право да поднесе приговор до наставно-научниот, односно уметничкиот совет на единицата, како второстепен орган, во рок од 8 (осум) дена од нејзиниот прием.

**Член 220**

Наставно-научниот, односно уметничкиот совет на единицата го разгледува приговорот на првата седница по неговото поднесување, односно во рок не подолг од 30 (триесет) дена и може да донесе одлука со која:

- ја потврдува одлуката за изрекување на дисциплинската мерка донесена од дисциплинската комисија;
- го отфрла приговорот како недозволен или ненавремен и
- го прифаќа приговорот како основан и го преиначува диспозитивот на одлуката за изрекување на дисциплинската мерка.

Одлуката на наставно-научниот, односно уметничкиот совет е конечна.

**Член 221**

Поведувањето и водењето на дисциплинската постапка застаруваат во рок од 3 (три) месеци од дознавањето за направената дисциплинска повреда, односно во рок од 6 (шест) месеци од сторувањето на дисциплинската повреда.

**Член 222**

Изречената дисциплинска мерка се објавува на огласната табла на единицата, а 1 (еден) примерок се чува во досието на студентот.

**9. Универзитетско студентско собрание**

**Член 223**

Студентите се организираат во Универзитетско студентско собрание.

Начинот на организирањето, формирањето на органите и телата на Универзитетското студентско собрание и постапката за избор и разрешување на членовите на органите и телата на Универзитетското студентско собрание се регулираат со нивниот статут.

**Член224**

Универзитетското студентско собрание избира свои претставници во органите и телата на Универзитетот, во случаи утврдени со Законот за високото образование и со овој статут.

Универзитетското студентско собрание е тело на Универзитетот, во кое членуваат претставници на студентите, коишто ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

Факултетското студентско собрание е тело на единицата на Универзитетот, во кое членуваат претставници на студентите.

Работата на Универзитетското студентско собрание и Факултетското студентско собрание се утврдува со Статут на Универзитетското студентско собрание и Статут на Факултетското студентско собрание.

Согласност на Статутот на Универзитетското студентско собрание дава Сенатот на Универзитетот, а на Статутот на Факултетското студентско собрание наставно-научниот совет на единицата.

**Член 225**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание, имаат сите студенти на единицата кои се запишани на студии во учебната година во која се избира факултетското студентско собрание.

Факултетското студентско собрание брои 10 (десет) членови, кои се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува деканот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

Во одлуката за распишување на избори, деканот на единицата именува изборна комисија составена од 5 (пет) члена, од кои тројца студенти и двајца наставници, односно соработници која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание.

Доколку деканот на факултетот не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во определениот рок, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот (3) на овој член. Во ваков случај, изборната комисија од став 3 од овој член ја формира ректорот на Универзитетот.

**Член 226**

Тајното гласање за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание се врши со гласачки ливчиња изготвени од страна на изборната комисија.

Изборната комисија подготвува посебни гласачки ливчиња, раководи со гласањето и ги утврдува резултатите од гласањето.

Гласачките ливчиња треба да бидат со иста големина и во иста боја.

Кандидатите за избор на гласачките ливчиња се внесуваат по азбучен ред од нивното презиме.

Пред презимето и името на секој кандидат се става реден број.

Пред да се премине на тајно гласање, еден од членовите на изборната комисија на единицата ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

Гласачките ливчиња им се даваат на студентите на единицата и гласањето се врши со прозивка од страна на еден од членовите на изборната комисија според списокот на студенти.

При тајното гласање, студентот на единицата на гласачкото ливче го означува кандидатот за кој гласа така што го заокружува редниот број пред името и презимето на истиот.

**Член 227**

По спроведеното тајно гласање, изборната комисија ги соопштува резултатите од гласањето.

Комисијата најпрво го утврдува бројот на оние кои гласале.

Неупотребените гласачки ливчиња комисијата ги пребројува и ги става во посебно плико и го запечатува.

Потоа комисијата утврдува колку лица гласале според списокот, ја отвара гласачката кутија и ги пребројува гласачките ливчиња.

Резултатите од гласањето се утврдуваат според бројот на гласачките ливчиња пронајдени во гласачката кутија, а не според бројот на гласачите означени во списокот за гласање дека истите гласале, ако овие два броја не се совпаѓаат.

По завршеното пребројување на гласовите, записникот за утврдените резултати од гласањето, списокот за гласање и употребените гласачки ливчиња се ставаат во посебно плико кое се запечатува. Во ова плико се ставаат одвоено и неупотребените гласачки ливчиња.

Резултатите од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание ги утврдува изборната комисија на единицата записнички.

**Член 228**

Факултетските студентски собранија именуваат по двајца претставници во Универзитетското студентско собрание на Универзитетот во чиј состав се.

Претседател на Универзитетското студентско собрание се избира од редот на претставниците именувани во Универзитетското студентско собрание.

Претседателот на Универзитетското студентско собрание се избира на конститутивна седница на која присуствуваат најмалку 2/3 (две третини) од вкупниот број членови на собранието, по спроведено тајно гласање.

Мандатот на членовите и на претседателот на универзитетското студентско собрание трае 1 (една) година, со право на уште еден избор.

**Член229**

Работата на студентското собрание се финансира од средства на Универзитетот, како и од: легати, подароци, завештанија, прилози, членарина и други извори.
Студентските собранија донесуваат одлуки за располагање со финансиските средства за нивно работење, кои ги доставуваат до Сенатот на Универзитетот.
.

**10. Учеството на студентите во управувањето**

**Член 230**

Студентите учествуваат во управувањето со Универзитетот и факултетите преку претставниците кои ги избираат во универзитетското студентскособрание, во органите на универзитетот и факултетите, преку формите на самоорганизирање или на друг соодветен начин.

**Член 231**

Студентите во рамките на правото за управување со Универзитетот и факултетите:

1. донесуваат и остваруваат програма на различни форми и видови дејности организирани на Универзитетот и факултетите во неговиот состав;

2. ги разгледуваат и на надлежните органи им ги доставуваат мислењата за статутите и другите општи акти што ги донесува Универзитетот и факултетите, посебно од аспект на правата и должностите на студентите;

3. избираат свои претставници во органите на Универзитетот и факултетите;

4. расправаат и одлучуваат и за други прашања од интерес на студентите на Универзитетот и факултетите.

**11. Проверка на знаењето**

**Член 232**

Проверка на знаењата на студентот, по наставните предмети, се врши континуирано во текот на наставно - образовниот процес и се изразува со поени.

За исполнување на обврските преку полагање на испитите (на два дела или во целина) студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добие позитивна оцена 10 (десет), како највисока позитивна оцена. Оцената 6 (шест) е најниска позитивна оцена.

Оцената 5 (пет) означува незадоволителен успех.

Проверката на знаењата по одделни наставни предмети, зависно од специфичноста на факултетите, попрецизно се регулира со студентските програми и во рокови утврдени со Распоредот за колоквиумски седмици и испитни сесии.

Континуираното вреднување на постигнатите резултати во рамките на предметната програма се остварува преку остварените поени оддва колоквиуми, како и врз основа на посета на предавања, вежби и семинари, активност на предавања, вежби и семинари, изработка на есеи или семинарска работа.

**Член 233**

Студентот чии резултати не можат да се вреднуваат преку успехот од колоквиумите или останатите активности, се јавува на испит.

Универзитетот организира испитни сесии во февруари, јуни и септември.

Врз основа на предлог од координативното тело за спроведување на ЕКТС и во согласност со одредбите од Правилникот за единствените правила на студирање според ЕКТС, Ректорот на Универзитетот може да определи дополнителна испитна сесија за сите факултети или за одредени факултети во состав на Универзитетот.

Испитите се полагаат писмено, а по исклучок и на друг начин, зависно од спецификите на одредени факултети кои се определени во Правилникот за ЕКТС.

Завршното оценување се внесува во индексот на студентот и во пријавата за полагање на испитот по секој предмет.

Просечниот успех на студентот претставува аритметижка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети, во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит.

Поблиските услови, начинот на полагање, организирање и постапка за полагање на испити, начинот на оценување на испити, правната постапка за добивање на оценка и други прашања значајни за полагање испити и оценување на испити на Универзитетот се уредува со посебен акт.

## 12. Приговор заради оценка од проверка на знаењата

**Член 234**

Студентот може во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите од испитот, да поднесе приговор до деканот на факултетот, ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката, или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со закон, актите на Универзитетот и со овој Статут.Ако деканот утврди дека приговорот на студентот е основан, ќе му укаже на предметниот наставник да ја преиспита оценката од завршното оценување.

Ако наставникот не ја преиспита оценката што ја утврдил, студентот испитот го полага пред трричлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно - научно подрачје, во наредните 24 часа, односно по првиот работен ден.Комисијата ја формира деканот на факултетот.

Наставникот кај кого полагал студентот не може да биде претседател на комисијата од претходниот став на овој член.

После три неуспешни полагања на испит по соодветен предмет студентот има право да побара полагање на испитот пред комисија.

Комисијата од предходниот став ја именува деканот од редот на наставниците на факултетотод исто или сродно наставно - научно подрачје.Комисијата е составена од претседател и два члена. Наставникот кај кого полагал студентот не може да биде претседател на комисијата од претходниот став на овој член

По барање, на студентот му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставни предмети во период од најмногу четири месеци од полагањето.

Повторното завршно оценување може да се дозволи само доколку барањето е поднесено до деканот на соодветниот факултет во период од најмногу четири месеци по полагањето.

**13. Завршување на студиите**

**Член 235**

Студиите од прв циклус завршуваат со положување на сите испити. Студиите од вториот циклус завршуваат со полагање на пропишаните испити, изработка на постдипломски (стручен или магистерски) труд и јавна одбрана, пред комисија од три члена со наставно-научни звања од кои два се специјалисти во научната област од која е темата на постдипломскиот труд.

Работата на комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд, формирањето на предлогот на комисијата, донесување на одлуката на наставно - научниот совети други прашања поврзани со овој циклус на студии се регулираат со Правилник за организација на последипломски студии на Универзитетот.

Докторските студии завршуваат со полагање на пропишаните испити и подготвување и јавна одбрана на докторски труд (докторска дисертација).

Одбраната на докторската дисертација од претходниот став се спроведува пред комисија од 5 члена со наставно - научни или научни звања од кои најмалку три се специјалисти во научната област од која е темата на докторската дисертација,

Со завршување на студиите во согласност со овој член лицето се стекнува со соодветно стручно или академско звање или научен степен и со други права признати со посебни прописи.

**14. Диплома и додаток на диплома**

**Член 236**

На студентот што ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за било кој циклус на образование, Универзитетот му издава диплома, врз основа на евиденцијата што се води во стручните служби.

Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор или трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив.

Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

Дипломата и додатокот на дипломата на Универзитетот ја потпишува ректорот и деканот и се оверува со сув печатна Универзитетот.

На студентот што ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за усовршување или само дел од студиската програма за стекнување на образование, му се издава уверение за завршениот дел од студиската програма, која содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

Други јавни исправи, во смисла на Законот за високото образование се уверение, индекс иID картичка кои можат да се издаваат, односно да ги содржат податоците и во електронска форма.

Содржината и формата на дипломите ќе бидат регулирани со посебна статутарна одлука на Сенатот на Универзитетот.

**15. Одземање на диплома**

**Член 237**

На студент кој се стекнал со диплома, согласно со Законот за високото образование може да му се одземе издадената диплома, односно стекнатиот стручен или научен назив ако се утврди дека не ги исполнувал условите за добивање статус на студент на соодветната високообразовна установа, дека се здобил со стручен или научен назив спротивно на условите за стекнување на стручен, односно научен назив утврдени со статутот на високообразовната установа или дека сторил кривично дело поврзано со стекнувањето на дипломата.

Условите и постапката за одземање на издадената диплома се утврдуваат со Правилник на Универзитетот.

**16. Промоција на завршени студенти**

**Член 238**

Промоцијата на лицата кои завршиле стручни студиски или академски студиски програми од прв циклус, или магистерски или специјалистички студиски програми од втор циклус, ја врши деканот на факултетот.

Промоцијата на лицата кои завршиле докторски студиски програми од трет циклус и се здобиле со научен назив доктор на науки ја врши ректорот на Универзитетот.

**17. Водење и заштита на личните податоци**

**Член 239**

Евиденцијата со личните податоци за студентите се води согласно со одредбите од Законот за високото образование.

Факултетите и Универзитетот ја водат следната евиденција со лични податоци за студентите:

- евиденција на пријавени за уписи и запишани студенти;
- студентско досие кое се отвора за секој студент и се води од започнување на студиите до завршување на студиите, односно до отпишувањето;
- извештај за спроведениот испит во кој се констатира колку студенти се пријавиле за полагање, колку од нив се јавиле на испитот и оцените што ги постигнале;
- евиденција на издадени документи за завршени студии.

Евиденцијата се води во материјална форма. Истовремено, евиденција може да се води и во електронска форма.

**18. Матична книга на запишани студенти,**
**главна книга на дипломирани студенти**

**Член 240**

На факултетите во состав на Универзитетот се водат: матична книга на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти и досие за секој запишан студент.

Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

## XXII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 241**

За регулирање на прашања поврзани со дејноста на Универзитетот и факултетите во состав на Универзитетот кои не се регулирани со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Законот за научно-истражувачката дејност и други позитивни законски и подзаконски акти на Република Северна Македонија.

**Член 242**

Со стапувањето на сила на овој Статут, престанува да важи Статутот од 2007 година.

**Член 243**

Овој Статут влегува во сила по објавување во јавното гласило на Универзитетот, а ќе се објави по добивање на согласност од основачот, по претходно мислење на Владата на Република Северна Македонија.

**Скопје, 10.10.2022**

**Претседател на Сенатот**

**проф. д-р Насер Етеми**